СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

ЗА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО МОЈАНЦИ, КО МОЈАНЦИ, ОПШТИНА АРАЧИНОВО

Н А Ц Р Т И З В Е Ш Т А Ј

Февруари, 2025 година

Со цел навремено да се согледаат можните негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, како и социо - економските аспекти од реализација на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, согласно член 65, став 2 од Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), се наложи потребата за спроведување на Стратегиска оцена на животната средина.

Извештајот за Стратегиска оцена е потпишан од Експерт за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (видено од Копија на потврда, дадено во прилог).

Во подготовката на Извештајот за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина учествуваа:

Емил Стојановски, дипл. инж. по заштита на животна средина,

Љупчо Аврамовски, дипл. економист,

Кети Стојановска, м-р. по менаџмент на човечки ресурси.

Горенаведениот извештај за стратегиска оцена на животната средина согласно член 66 став (5) од Законот за животна средина е потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина која ја води Министерството за животна средина и просторно планирање. Како доказ за истото во прилог на извештајот е дадена копија на Уверение со број 12-4226/3 од 21.06.2022 година дадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Енвиро Ресурси, ДОО
Скопје
Управител
Емил Стојановски

Имајќи предвид потребата од изработка на Извештај за стратегиска оцена врз животната средина за Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, како и одредбите од Законот за животна средина донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е

За определување на експерт за изработка на Извештај за стратегиска оцена на животната средина

Емил Стојановски, дипломиран инженер, се определува за овластен Експерт за изработка на стратегиска оцена на животна средина за Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново.

Образложение:

Емил Стојановски, дипломиран инженер, ги исполнува условите пропишани со член 23 став (3), член 72 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина на („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22) и се стекна со правото да биде вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Енвиро Ресурси, ДОО
Скопје
Управител
Емил Стојановски

Содржина:

	Вовед	11
1.	Цели на Планскиот документ	14
1.1	Цели на заштита на животната средина	22
1.2	Специфични цели на Стратегиската оцена	24
1.3	Употребена методологија	26
1.4	Законодавна рамка	28
1.5	Институционална рамка	29
1.6	Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина	31
1.7	Резиме	32
2.	Преглед на планскиот документ	33
2.1	Основи на Планскиот документ	33
2.2	Плански опфат	34
2.2.1	Географска и геодетска местоположба	34
2.2.2	Намена на употреба на земјиштето	35
3.	Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура	50
3.1	Сообраќајно поврзување	50
3.2	Водоснабдителна мрежа	51
3.3	Фекална и атмосферска канализација	53
3.4	Електроенергетска инфраструктура и ПТТ инсталација	56
4.	Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина	58
4.1	Карактеристики на просторот	58
4.1.1	Сообраќајна поврзаност	58
4.1.2	Рељефни услови, наклон и експозиција на теренот	58
4.1.3	Геолошки карактеристики	58
4.1.4	Сеизмолошки карактеристики на теренот	59
4.1.5	Хидротехничка структура	59
4.1.6	Климатски и микроклиматски карактеристики	59
4.1.7	Население	60
4.1.8	Стопанство	60
4.1.9	Хидротехничка инфраструктура	60
4.2	Опис на сегашната состојба со животна средина во планскиот опфат	61
4.2.1	Воздух	61
4.2.2	Вода	62
4.2.3	Отпад	63
4.2.4	Почва	63
4.2.5	Бучава	65
4.3	Сегашна состојба со животната средина во и околу планскиот опфат	65

5. Состојба без имплементација на планскиот документ 66
6. Алтернативи и чинители за избор на алтернатива 67
7. Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина 69
8. Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ 75
9. План на мерки за мониторинг на животната средина 84
10. Нетехничко резиме 86
11. Прилози 104
Додаток 106
Користена литература 110

Вовед

Согласно Член 14 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24 и 171/24), се изработува Урбанистички план за село кој се донесува за подрачје на населено место - село, утврдено со закон.

Со самото реализирање на оваа планска задача во делот на извештајот на Стратегиската оцена на животна средина се добиваат податоци за почвата, воздухот, водата, климатските фактори, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра и др. и се создаваат услови за изнаоѓање на причините врз основа на која се одбираат алтернативите и се предвидуваат мерки за заштита и намалување на негативните влијанија. Со идентификацијата на можните проблеми треба да се рационализираат трошоците и да се направи најсоодветен избор на мерките за заштита на животната средина. Резултатот од учеството на јавноста треба да се земе што е можно повеќе. Преку реализација на планскиот опфат доаѓа до подобрување на економските услови преку отварање на нови работни места, односно ќе се создадат услови за економско ангажирање на населението, а со самото тоа воспоставување на предуслови за одржлив економски развој.

Оцената на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина и здравјето на луѓето е постапка со која се проценуваат ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на предложените документи. Целта е можните ефекти да бидат земени во предвид во раната фаза на подготовката на документите вклучувајќи ги и промените на истите. Исто така, цел на Стратегиската оцена е да се интегрира заштитата на животната средина и здравјето на луѓето во процесот на подготвување и донесување на планските документи преку експертска проценка и проценка на јавноста пред донесување на истите.

Подготовката на планскиот документ ги дефинира и јасно ги утврдува основните, а со тек на време и реалните цели и правци во доменот на земјоделството, шумарството, енергетиката, индустријата, туризмот, управување со отпадот, управување со водите, просторното и урбанистичко планирање и користење на земјиштето, како и Националниот акционен план за животна средина и локалните акциони планови за животна средина кои ја налага потребата согласно член 65 од Законот за животна средина од спроведување на Стратегиската оцена на влијанието на животната средина на овие плански и програмски решенија и цели.

Стратегиската оцена на влијанието на животната средина се состои од неколку фази на планирање:

- проверка;
- определување на опфат;
- основни податоци на животната средина;
- подготовка на извештајот за животна средина;
- консултација со засегнатата јавност;
- прифаќање на стратегијата и

- мониторинг.

При определување на обемот и деталноста на информациите во Извештајот за животна средина, органот кој го подготвува планскиот документ е должен да побара мислење од органите кои се засегнати од планскиот документ. Исто така, според Архуската Конвенција и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11) член 8, органот кој го подготвува планскиот документ е должен да го вклучи учеството на јавноста преку:

- ќе треба да се утврди динамиката и роковите што ќе бидат реални за ефикасно учество на засегнатата јавност;
- нацрт-правилата ќе треба да бидат јавно расположливи, и
- на јавноста ќе треба да и се овозможи да даде коментар.

Министерството за животна средина и просторно планирање јасно ги дефинира основните, а со време и остварливите цели и правци на развојот, особено во поглед на неопходните квалитативни структурни промени и за нив релевантни и адаптибилни решенија и опции. Непосредната поврзаност и меѓусебната условеност помеѓу планскиот опфат и влијанието на животната средина наметнува едновремен, интегрален третман на просторот и дефинирање на долгорочна стратегија за уредување, опремување и користење на просторот и ефикасна заштита на животната средина, природата и културно-историското наследство во регионот.

Посебно внимание е посветено на карактеристиките на користење на земјиштето. Правната и административна рамка, која ги опфаќа основните закони, стратешки планови и стандарди на животната средина, како и

процедурите за Стратегиска оцена на животна средина обработени се во посебно поглавје од овој Извештај.

Анализата на алтернативите кои се опфатени со овој Извештај укажува на потребата од неминовно спроведување на Стратегиската оцена на влијанието врз животната средина во процесот на планирање заради правилна и поефикасна избрана алтернатива. Очекуваните резултати врз животната средина, препораките и мерките за намалување на влијанијата, како и планот за мониторинг се прикажани и објаснети во посебни сегменти од овој Извештај.

1. Цели на Планскиот документ

Согласно големината на селото, степенот на просторна разместеност, број на население и густина на населеност, густина на изграденост, економска развиеност, состојба и потреба од комунална инфраструктура, карактеристики на примарната дејност, местоположба на селото, географски карактеристики, за село Мојанци ќе се изработи Урбанистички план за село, од типот Урбанистички план за средно развиено село, согласно член 37 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Согласно став 2, точка 2, од член 14 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24 и 171/24), Урбанистичкиот план за село Мојанци, КО Мојанци, Општина Арачиново, ќе се изработи како план со генерална регулација и општи услови за градење, во кој не се формираат градежни парцели, кој се однесува за средно големи села, села со ретка и расфрлена изградба, односно екстензивен просторен развој. Со планската документација ќе се утврди граница на плански опфат, кој претставува граница на село, намена на земјиштето и градбите со општи услови за градење, развој и користење на земјиштето, градбите и инфраструктурите, генерална регулација, како и други мерки и податоци потребни за планските решенија, согласно став 2, од член 15 од Законотза урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24 и 171/24).

Селото Мојанци се наоѓа северно од населено место Арачиново на надморска височина од 290 - 770 мнв.

Село Мојанци сообраќајно се поврзува со поширокото опкружување преку регионалниот пат Р1104 Скопје (врска со А2-обиколница Скопје) - Арачиново-Куманово (врска со А1) граница со Србија (ГП Сопот). Овој регионален пат го тангира планскиот опфат на југ, односно регионалниот пат е транзитна улица заедничка за село Мојанци и за село Арачиново, во должина од околу 550м.

Во селото, според последниот Попис од 2021 година, во селото Мојанци живеат 2912 жители, по националност Албанци. Селото има земјоделска и полјоделска функција. Во селото функционира основно училиште, верски институции и индустриски објекти.

Урбанистичкиот план за село Мојанци како основна цел ги предвидува насоките за идниот просторен развој со создавање на услови за планирани организирани простори и одредување на наменски зони со компатибилни класи на намени на основната класа на намена, дефинирани оптимални решенија и водови на системот за организирање на основните функции, и тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничувања како и создадениот материјален фонд, преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни решенија.

Урбанистичкиот план за село претставува основен развоен документ и има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот,
- оформување препознатлива амбиентална целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и надградување на пејсажните вредности,
- оформување културен пејзаж,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,

да ги утврди параметрите и насоките за изработка на соодветна Урбанистичко-Планска и Проектна документација од пониско ниво, согласно важечката законска регулатива, кои ќе се изработуваат согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24 и 171/24), како и да ги пропише општите и посебни услови за градење, преку параметри, кои се потребни за изработување соодветна понатамошна проектна документација за изградба.

Предмет на изработка на Урбанистичкиот план за село Мојанци претставува планскиот опфат кој зафаќа површина од П=296.00 ха.

Селото Мојанци се протега во северозападниот дел на големата Скопска котлина, а со дел на граница на јужните падини на Скопска Црна Гора. Според географската положба Скопската Котлина е пространа котлина која се наоѓа во северниот дел на Македонија. Претставува длабока и спуштена потонатина по должината на раседните линии и целосно влегува во составот на Вардарската тектонска зона. Заградена и опкружена е со високи планини од сите страни. Селото Мојанци се протега помеѓу градските центри на југозапад Скопје (на 13км) и североисток Куманово (на 20км). Катастарската општина Мојанци се граничи на југ со КО Арачиниво, на исток со КО Арачиново и КО Орланци, на запад со КО Брнарци и КО Страчинци, на север-североисток со КО Никуштак. Планскиот опфат на село Мојанци се протега на ридско-планински терен, со пад во правец север-југ, на надморска висина од 290-770 мнв.

Границата на планскиот опфат е следната:

- На север е дефинирана по источната граница на КП 265/1, по јужнатаграница на КП 259, КП 258, КП 257, по источната гранца на КП 868, поисточната граница на КП 3 и по јужната граница на КП 31;
- На исток е дефинирана по западна граница на КП 863, КП 160, КП 162, КП 171, КП 172, КП 173, КП 184, КП 185, КП 122, КП 115, КП 114, КП 589, КП 588, КП 587, КП 586, КП 584, КП 627, КП 633/2, КП 633/1,КП

632, КП 655, КП 654, КП 672, КП 671, КП 890, северна граница на КП 185, јужна граница на КП 583, КП, 582, КП 580, КП 578, КП 596 и КП 144.

- На југ е дефинирана по источната граница на КП 938, северна источната граница на КП 1626, западната граница на КП 822/1, КП 821, КП 819, КП 818, северната граница на КП 818, КП 817, КП 816/2, КП 816/3, КП 1629, КП 435/4, КП 434/1, КП 431/1, КП 430/1, КП 424/14, КП 423/5, КП 423/4, КП423/2, КП 422/1, источната граница на КП 422/1, КП 421/2, јужна источната граница на КП 420 и северната граница на КП 1616/1 која е од регионален пат Р 1104 (Скопје - врска со А2 - обиколница Скопје - Арачиново - Куманово - врска со А1 - граница со Р. Србија - ГП Сопот);
- На запад е дефинирана по источната граница на КП 265/1, КП 878, КП 277/1, КП 15/1, КП 937, КП 17, КП 938 и јужната граница на КП 933.

Планскиот опфат ги тангира границите на Урбанистички план за село Арачиново одобрен со Одлука бр. 07-85/1 од 05.04.2016 год. кој ги опфаќа сообраќајниот профил на магистрална улица низ населено место - село (Р1104 Скопје - Арачиново - Куманово) во дел од јужната граница на опфатот и регулацијата на Мојанската река во источната граница на опфатот.

Во близина на предметниот плански опфат на село Мојанци, на југозападната граница е село Брњарци, за кое село има изработено Општ акт кој е одобрен со Одлука бр. 07-3656/40 од 30.09.2014 год.

Предметниот плански опфат се наоѓа на територијата на катастарската општина Мојанци и согласно дописот од Министерство за култура - Управа за заштита на културно наследство бр. 17-1501/2 од 19.07.2021 год. во границите на планскиот опфат не постои регистрирано културно наследство, односно заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Демографскиот развој на селото Мојанци во периодот до Пописот во 2002 год. го илустрира следниот табеларен преглед:

Од табеларниот приказ се забележува тенденција на перманентно зголемување на бројот на жителите од 361 во 1948 год. на 2325 во 2002 год.

Од Државен завод за статистика добиени се податоците од Попис 2021, со допис: Одговорот на барање за податоци, бр. 32-1758/2 од 18.11.2022 год. од Државниот завод за статистика на РСМ. Според податоците од Попис 2021 с. Мојанци има:

Во селото Мојанци, просечна големина на едно домаќинство изнесува 5.04 членови, што е поголемо од просечната големина на домаќинства на ниво на Република Северна Македонија која изнесува 3,5 членови (Попис, 2002 год.).

Застапеноста на јавни функции во рамки на селото се јавува како важен индикатор за развиеност на населбата. Анализата на состојбата укажува на задоволителен степен на застапеност на јавни функции, односно во селото има основно училиште и верски објекти.

Во рамките на основното образование постои општинското основно училиште ООУ Џерџ Кастриот Скендербег. Наставата во училиштето се изведува од прво до петто одделение на албански јазик. Во однос на образованието од петто до деветто одделение и средно образование, населението гравитира кон селото Арачиново и градот Скопје.

Во рамки на селото-градби со намена верски институции има две џамии.

Во рамките на планскиот опфат, во село Мојанци не постои амбуланта или друг вид на објект со здравствен или социјален карактер.

Во рамките на планскиот опфат не постојат објекти со класа на намена В3 - Култура.

Во планскиот опфатот предмет на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, има изградени градби, сообраќајна мрежа, неизградено обработливо земјиште. Доминантна намена

е индивидуалното домување, односно домување во станбени куќи. Од наменските употреби на просторот, застапени се:

- А1 - Домување во куќи,
- В1 - Образование -В1.1-Основно образование,
- В5 - Верски институции - В5.2-Џамија.
- Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија; Г2.1 - Лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи - каменолом.
- Г5 - Земјоделско и сточарско производство; Г5.1 - Одгледување на животни,
- Д4 - Меморијални зелени простори и гробишта; Д4.3 -Гробишта.

Од неизградената површина дел од земјиштето е под сообраќајна патна инфраструктура и хидротехничка инфраструктура: Мојанска Река и површински води: долови и порои. Во планскиот опфат зеленилото како чиста зелена површина има многу малку, а во неизграденото земјиште има делови со ниско зеленило, овошни дрва и сл.

Намените на површини со нумерички показатели се дадени табеларно:

Во границите на планскиот опфат на село Мојанци, има изградено градежен фонд (градби за домување) на земјиште со вкупна површина од 823875.33м^2, додека во површината под неизградено земјиште изнесува 1988773.11м^2.

Бруто густина на домување на планскиот опфат КО Мојанци е:
2912 жители/ 296.00 ха (плански опфат) = 9.84ж/ха;
Нето густина на домување: 2912 жители / 82.39ха (домување) = 35.34 ж/ха

Според бруто густината на селото, согласно Правилникот за Урбанистичко планирање, Член 182, („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), село Мојанци припаѓа на средно развиени и разредени тип на села (5-15 ж/ха).

Градбите за домување во село Мојанци припаѓаат на класа на намена А1 - домување во куќи, со спратност: П, П+1, П+1+Пк и П+2. Објектите за домување не се уредени со сопствени градежни парцели, туку се поставени во катастарските парцели според сопственост, со што една поголема катастарска парцела може да се состои од две или повеќе градби за домување. Во планскиот опфат на селото не постои хортикултурно уредено зеленило.

Во рамките на предметниот опфат нема површини и објекти со спортски и рекреативен карактер.

Во село Мојанци постојат површини со намена Д4.3- Гробишта, кои се наоѓаат на КП бр. 312 и КП бр. 474 со вкупна површина од 1.62 ха.

Од Министерство за животна средина и просторно планирање - сектор за природа, добиен е предмет со бр. 11-3601/4 од 28.07.2021 год. со известување дека предметниот плански опфат се наоѓа надвор од граници на заштитни подрачја утврдени со закон.

Релевантниот регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:

- Р1104 Скопје (врска со А2- обиколница Скопје) - Арачиново-Куманово (врска со А1) граница со Србија (ГП Сопот).

Сообраќајната мрежа во селото Мојанци содржи главно асфалтирана улична мрежа во изграденият дел, но во делови има и земјени пристапни патишта. Вкупната површина на постојната улична мрежа изнесува 48129.94м^2.

Во рамките на планскиот опфат постои една главна асфалтирана улица (само коловоз), со ширина од 3.00м до 4.50м, која го поврзува селото Мојанци со с. Арачиново, во јужниот дел на селото, а завршува на крајниот север на селото, каде постоел стариот дел од селото, а сега има делумно обновени градби.

Водоснабдувањето на с. Мојанци е од водоснабдителен систем изграден за с. Арачиново. Самата територијална и административна поврзаност на с. Мојанци и с. Арачиново, овозможила користење на вода за пиење од систем кој е изграден, за кој Општина Арачиново има доставено - Главен проект за изведена состојба на водоснабдителен систем - Арачиново, изработен е „БИРО ПРОЕКТ-ДОО Скопје. Податоците за изградената водоводна инфраструктура се внесени како постојни податоци добиени од ЈКП Водовод-

Арачиново, кои се доставени до Општина Арачиново со допис бр. 08-01 од 31.01.2017 год.

Според Проектот за изведена состојба водоснабдителниот систем се состои од: резервор за ниска зона на кота 314 мнв (на КО Арачиново); главен цевовод за водоснабдување на резервоар-Р1 за средна зона на кота 363 мнв (КО Арачиново); главен цевовод за водоснабдување на резервоар-Р2 за висока зона на кота 437 мнв (КО Мојанци); разводна водоводна мрежа низ с. Мојанци и с. Арачиново.

Резервоарот -Р2 за високата зона е дел од предметниот плански опфат на УПС Мојанци, изграден на дел од КП 647. Водата до овој резервоар се пумпа од резервоар -Р1, кој е на КО Арачиново. На резервоарот -Р2 е поврзана главната водоводна линија со Ф315мм која ги снабдува селата Арачиново и Мојанци со вода за пиење. Од оваа главна линија произлегуваат повеќе краци на водоводни линии со помал профил: ф250, ф160, Ф140, ф63мм. Со планското решение профилите што се помали од ф110мм се предлага да се заменат, согласно законските прописи за заштита од пожар. Во зоните каде не е поставена водоводна инфраструктура населението се снабдува со вода за пиење и домашни потреби од бунари и пумпи.

Во село Мојанци фекална канализација има изведено на дел од планскиот опфат. Оваа канализација што е изведена е дел од канализационата мрежа што е изведена со: Основен проект фекална канализација за село Арачиново - примарна мрежа, изработен од ДООЕЛ Турбоинжинеринг-Скопје. Фекалната канализациона мрежа прикажана во графичкиот дел е превземена од предметниот основен проект, што е доставен од Општина Арачиново. Профилите на постојната фекална канализациона мрежа се од ф200мм. Во деловите каде нема изведено канализациона мрежа, отпадните води се собираат во септички јами.

Во селото нема изградено атмосферска канализација. Атмосферските води се сливаат по улиците и доловите.

Податоци за постојната преносна и дистрибутивна мрежа добиени се од: АД Мепсо (допис бр. 11-4160/1 од 22.07.2021 год.) и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (допис бр. 10-55/2-301 од 16.07.2021 год.).

Според добиените одговори и податоци во планскиот опфат минуваат:
- 110 кВ далекувод
- Надземна мрежа од 10(20)кВ и 0,4кВ и
- Подземна мрежа од 0,4кВ и 10кВ.

По целата површина на селото изградена е дистрибутивна мрежа од трафостаници и дистрибутивни кабли од различно напонски ниво. Дистрибутивните водови во најголем дел се надземни и се поставени на армирано бетонски и дрвени столбни места.

Во селото изградени се шест среднонапонски дистрибутивни 10(20)/0.4кВ трафостаници.

Податоци за постојната електронско комуникациска мрежа добиени се од: АЕК (допис бр. 1404-2058/2 од 10.07.2021 год.), Македонски Телеком (допис бр. 36872 од 14.07.2021 год.) и А1. Според добиените одговори во проектниот опфат и во нејзина непосредна близина има изградено постојна

електронско комуникациска мрежа составена од подземни оптички и бакарни кабли.

Анализата покажува дека на локацијата, односно на планскиот опфат има изграден градежен фонд, има изградена комунална супраструктура, изградена комунална инфраструктура, така да овој Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, предвидува плански концепт кој максимално ќе ги почитува просторните природни и создадени услови и ќе овозможи просторен развој, преку обнова на дел од старата и изградба на нова супра и инфраструктура за многу повисоко ниво на услуги.

Анализата на можностите за просторен развој го условува планирањето кое треба да биде сегментирано и базирано врз:

- приоритети и потреби,
- корелативни повеќе дисциплински меѓусебни условености,
- комплементарност,
- економска исплатливост.

Во дефинирање на планскиот концепт важни се следните критериуми исцрпени од анализата на просторот:

- Дефинирање на сообраќајната мрежа во конкретните рељефни услови за потребите на високо квалитетен флексибилен простор,
- Рационално планирање на земјиштето со утврдување на наменска употреба, која ќе биде максимално флексибилна и адаптабилна за потребите на идните корисници,
- Задоволување на современите норми за живеење и работа во рамките на важечките норми за урбанистичкото планирање,
- Дефинирање на висината на објектите со право и заштита на визурите од секој објект,
- Условување на сообраќајната инфраструктура за безбеден пристап,
- Условување на пешачкото движење во функција на лица со посебни потреби, без бариери,
- Условување на потребите за паркирање да се решаваат во сопствена парцела,
- Задоволување на потребите од енергија (електроенергија како енергент за затоплување) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа,
- Задоволување на потребите од водоснабдување (санитарна и техничка вода за поливање и противпожар) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа,
- Адекватно и рационално прифаќање на отпадните води (фекални и атмосферски одделно) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа,

Анализата на можностите за просторен развој го издвојува следното:

- поврзаност со сите делови на Македонија преку системот на примарната и секундарна сообраќајна мрежа според Просторен план на РМ;
- близината преку регионалниот пат Р1104;

- Можност за поврзување на водоснабдителен систем, можност за обезбедување на техничка вода за наводнување;
- Можноста за поврзување на инфраструктурните водови за снабдување со електроенергија и телекомуникации;

Анализата покажува дека на овој плански опфат е можна реализацијата на Урбанистистичкиот план за село Мојанци, општина Арачиново со целосно почитување и имплементирање на соодветните европски критериуми и стандарди, што значи дека е можна поставка и просторен развој на селото Мојанци.

Село Мојанци и село Арачиново, преставуваат една агломерација на населено место, поделено само со зедничка сообраќајница. Како две населени места функционираат непречено, со многу зеднички јавни објекти: училишта, трговски објекти, верски и сл. Непосредната близина на село Мојанци, до село Арачиново, како административен центар на истоимената општина, ќе биде во позитивна насока во планираниот развој. Просторниот рзвој на селото Мојанци ќе се одвива на север од опфатот на село Арачиново. За просторниот развој на селото ќе се дадат насоки во планската документација, на земјиште исклучиво на катастарска општина Мојанци.

1.1 Цели на заштита на животната средина

Заштитата на животната средина подразбира множество на различни постапки и мерки кои го спречуваат загрозувањето на животната средина. Под заштита на животната средина се подразбира не само заштита на човекот туку и заштита на билната вегетација и животинскиот свет. Целите на заштитата на животната средина се заштита на здравјето на луѓето, квалитетот на екосистемите, заштита на растителниот и животинскиот свет и културни добра чиј творец е човекот, зачувување на рамнотежата и еколошката стабилност на природата, рационално и адекватно користење на природните ресурси.

Декларацијата за животната средина е донесена на Светската конференција на Обединетите држави во 1972 година. Стокхолмската конференција за човековата средина, одржана 1972 година ја разбудила свеста и го означила почетокот на еколошката ера и истовремено ја иницирала Париската конвенција на Претседатели на Држави и Влади на земјите од Европската економска заедница, одржана истата година. Во усвоената декларација како основна цел на еколошкиот развој се наведува смалување на ризикот во поглед на условите на живот, подобрување на квалитетот на живеење и да се во остварување на овие цели посебно внимание обрати на заштитата на животната средина. Според тоа, Европското законодавство кое го има усвоено Советот на Европските економски заедници се нагласи гаранцијата на правото на секој граѓанин на чиста и здрава животна средина.

Во текот на 1992 година во сила стапи Базелската Конвенција, чија што цел е смалување на супстанциите одредени како опасен отпад. Во Мај 2004 година стапи во сила и Стокхолмската конвенција за перзистентни

органски загадувачи, со кои ги дефинира 12 екстремно отровни органски загадувачи, барајќи нивна редукција или нивно целосно елиминирање.

Меѓународната правна заштита на животната средина се сведува во најголем дел на меѓународно - правна акција против загадувањето. Сепак, меѓународната регулатива во областа на животната средина сеуште не достигнала на ниво кој би овозможил мирен живот на сите живи суштества на нашата планета. Се донесуваат разни протоколи, конвенции, декларации и др.

Република Македонија, во рамките на евроинтеграциските процеси во животната средина има потпишано голем број на меѓународни конвенции, билатерални договори и протоколи и кои заедно со националните прописи ја сочинуваат правната рамка која го уредуваат управувањето со медиумите на животната средина. Во процесот на апркосимацијата на ЕУ законодавство од областа на животната средина преку транспонирање на ЕУ законодавството Република Македонија ги има донесено следните закони:

- Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот („Сл. Весник на РСМ" бр. 216/21);
- Закон за заштита од бучавата во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21);
- Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 164/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21) и др.

Процесот на усогласување со законодавството на ЕУ и во сегашно време е во тек, посебно во техничките барања дадени во анексите на ЕУ Директивите. Листата на релевантни закони и релевантни ЕУ Директиви и меѓународни договори се дадени во точката 11 од овој Извештај. Сите обврски што произлегуваат од овие законски и национални стратешки документи, беа анализирани и земени во предвид при дефинирање на основните цели за заштита на животната средина во планскиот опфат при изготвување на овој Извештај.

Како генерални цели утврдени по овие значајни основи се следните:

- Обезбедување на превентивни мерки на заштита на водните ресурси-подземните води од можните загадувачки емисии на материи од реализирање на планскиот опфат;
- Искористување на соларната енергија - како чиста енергија, преку имплементирање на концептот почиста средина;
- Воспоставување на перманентен мониторинг на квалитетот на водата, почвата и воздухот;
- Збогатување на шумскиот фонд преку засадување на појас од соодветни дрвни растенија;
- Сочувување на постојниот биодиверзитет и елиминирање на можните контаминации на истиот и негово исчезнување;

- Воспоставување на перманентна соработка во следењето на состојбите во областа на квалитетот на водата, почвата и другите медиуми во животната средина од страна на локалните и Републичките здравствени институции од аспект на сочувување на здравјето на населението;
- Вклучување на јавноста во процесот на мониторирање на состојбите и донесување на одлуки за медиумите во животната средина;
- Воспоставување на база на податоци за состојбата во секој медиум во животната средина по принципот (движечка сила-притисок-состојба на животната средина-влијание-одговор) на локално и регионално ниво.

Во овој процес се предлага поцелосно имплементирање на горе наведените цели преку реализирање систем на предлог мерки за заштита, одбегнување, намалување, неутрализирање или компензација на негативните влијанија од реализација на предвидените содржини согласно урбанистичкиот план. За таа цел во понатамошниот текст на содржината на овој документ се предлагаат:

⇒ Технички мерки кои треба да се превземат за време на спроведување на планот;

⇒ Препораки за подготвување, донесување и дополнување на плановите и програмите во рамките на спроведувањето на законските обврски во животната средина.

1.2 Специфични цели на Стратегиската оцена

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународна легислатива и се прикажани преку статусот на биолошка разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот:

- Заштита на животната средина со имплементација на планскиот документ;
- Подобрување на економските услови и зголемување на животниот стандард;
- Правилно управување со просторот заради одржување на постојаното ниво на флора и фауна;
- Обезбедување на заштитни зелени појаси и формирање на хортикултурни насади од аспект на појава на бучава и вибрации;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на квалитетот на водата;
- Интегрално управување со комуналниот отпад и негова селекција за зачувување на почвата, а со тоа и минимизирање на отпадот;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;
- Зачувување на културното наследство;
- Зачувување на карактеристиките на пределот и животната средина.

Планскиот опфат е усогласен со:

- Просторен план на РМ, 2004;
- Национална стратегија за одржлив развој, 2010-2030;
- Втор национален Еколошки Акционен План на РМ, 2006;

- Втор Национален извештај за климатски промени, 2008;
- Стратегија за управување со податоци за животната средина, 2005;
- Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција, 2005.

Основа за изработка на планот е стратегијата за развој и наменската употреба на земјиштето утврдено со усвоениот Просторен план на Република Македонија, а е изработен врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24 и 171/24) и подзаконските акти што произлегуваат од истиот.


Просторен план на РМ

- Уважување на реалните фактори на развој;
- Превземање стимулативни мерки од страна на државните и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери;
- Воспоставување на пазарни принципи и формирање соодветна институционална рамка во која ќе можат да функционираат пазарните институции;
- Создавање на регионален диференциран амбиент за стопанисување со помош на соодветна политика.

Национален еколошки акционен план

- Да се овозможи интегрирање на политиката за заштита на животна средина во останатите секторски политики;
- Да се поттикнат индустријата, давателите на услуги и другите субјекти во областа на животната средина кон поголема одговорност за заштитата на животната средина;
- Да се дадат насоки за еколошки одржлив пристап;
- Да се зголеми степенот на исполнување на обврските од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина.

1.3 Употребена Методологија



Графички приказ на методологијата за изработка на Извештајот за оцена на животна средина


При подготовката на Извештајот за Стратегиска оцена се креираше методологија компатибилна на карактеристиките на просторот опфатен со планскиот документ, планската задача, достапните стратегии и документи.

При спроведување на постапката етапно беа превземени следните чекори:

- Примарно беа дефинирани целите за заштита на животната средина утврдени во стратешките документи на локално, национално и меѓународно ниво;
- Се оствари разговор со претставник на изработувачот на планскиот документ за целите на инвестиционите активности и содржините кои ќе бидат опфатени во просторот и нивната разместеност;
- Се направи првичен увид на сегашните состојби во животната средина во анализираниот плански опфат, неговата околина и пошироко;

- Подетално се проучија содржините што се предвидени да се лоцираат во планскиот опфат, урбанистичкиот проект, како и просторната документација, намената и категоријата на земјиштето;
- Детално се разгледаа техничките решенија предвидени за реализација на проектната задача;
- Увид на постојната реализирана урбанистичка состојба на подрачјето дефинирано со планскиот опфат (бесправна градба, сообраќаен пристап и сл.);
- Согледување на можните негативни влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;
- Надминување на негативните влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;
- Предлагање на превентивни и корективни мерки за ублажување евентуалните влијанија по животната средина;
- Вклучување и запознавање на сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот.

Спроведување на постапка за оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина (СЕА)



При изготвување на планскиот документ користена е стручна литература од оваа област, ЕУ Директивите, националните стратешки документи, релевантна законска регулатива, меѓународни договори, просторни и урбанистички планови и други релеванти за изработка на документот.

1.4 Законодавна рамка

Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново е изработен согласно постојната законска регулатива во животната средина и природата во Република Македонија:

Животна средина
Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22).

Стратегиска оцена на животната средина

1. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 114/07);
2. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07);
3. Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11);
4. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11);
5. Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Сл. Весник на РМ" бр. 122/11).

Заштита на природата
Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18).

Амбиентен воздух
Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 100/12-пречистен текст, 10/15 и 146/15).

Закон за урбано зеленило („Сл. Весник на РМ" бр. 11/18 и 42/20).

Управување со отпад
Закон за управување со отпад („Сл. Весник на РСМ” бр. 216/21).

Заштита од бучава
Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21).

Води
Закон за води („Сл. Весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21).

Заштита и спасување
Закон за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ” бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18).

Просторно планирање
Просторен план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ” бр. 39/04).

Просторно и урбанистичко планирање
Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 32/20, 111/23, 73/24 и 171/24).

Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).
Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови („Сл. Весник на РМ” бр. 142/15).

1.5 Институционална рамка

Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. Весник на РМ” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) ги дефинира следните надлежности на Министерството за животна средина и просторно планирање:

- следењето на состојбата на животната средина;
- заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување;
- заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области;
- реставрацијата на загадените делови од животната средина;
- предлагањето мерки за третман на цврст отпад;
- просторното планирање;
- просторниот информативен систем;
- надзорот од негова надлежност и

- врши и други работи утврдени со закон.

Законот за организација и работа на органите на државната управа во ова насока на Министерството за животна средина и просторно планирање му дава клучна улога, во процесот на креирање на политиката за заштита на животната средина.

Одредени надлежности во управувањето со животната средина имаат и други органи на државната управа и локалната самоуправа како што се:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за транспорт;
- Институтот за јавно здравје;
- Министерство за здравство;
- Хидрометеролошки Завод, и
- Единиците на локалната самоуправа.

Значајна улога во процесот на донесувањето на законите од областа на животната средина има и Собранискатa комисија за транспорт, врски и екологија.


Во процесот на Стратегиска оцена на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање има одредени надлежности пропишани со Законот за животната средина, како што се:

- подготовка на решение во оние случаи во кои не се согласува со одлуката за спроведување, односно неспроведување на СОВЖС или со определениот обем на СОВЖС во одлуката;
- подготовка на решение за соодветноста на извештајот на СОВЖС за планскиот документ, и;
- воспоставување и ажурирање на листата на експерти за СОВЖС.

Органи на државната управа/единиците на локална самоуправа кои ги подготвуваат-усвојуваат планските документи согласно Законот за животната средина имаат обврска за:

- подготовка на извештајот за СОВЖС;
- објавување на информации за отпочнувањето на подготвувањето на планските документи и за учество на јавноста во процесот на консултации;
- објавување на информации за нацрт планскиот документ кој се подготвува и за предлог извештајот за СОВЖС;
- подготовка на извештајот од консултацијата со јавноста врз основа на добиените коментари и мислења од јавните консултации;
- комплетирање на извештајот за СОВЖС и на планските документи со добиени мислења и коментари, и
- мониторинг на влијанијата од имплементацијата на планскиот документ и во случај на негативни ефекти и информирање на МЖСПП.

Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена (СЕА) за плански документ кој го подготвуваат државни органи (Screening)



Во овој процес Министерството за надворешни работи е одговорно за спроведување на прекугранични консултации за СОВЖС во однос на доставување на известување до соседната држава, која може да биде засегната од подготовката на планскиот документ или кога Република Македонија може да биде засегната од подготовка на плански документ во соседна држава.

1.6 Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина

Спроведувањето на Стратегиската оцена на животната средина е интерактивен процес кој треба да се спроведе паралелно со развојот на планот или програмата. Стратегиската оцена на животната средина е процес за да се осигура дека значителен ефект врз животната средина што произлегуваат од политики, планови и програми се идентификуваат, оценуваат и намалуваат. Важен инструмент за да им се помогне во постигнување на одржлив развој и креирање на политиката е Стратегиската оцена на животната средина. Посебни бенефиции во Стратегиската оцена вклучуваат:

- Поддршка на одржливиот развој;

- Да се подобрат доказите како добра основа за стратешките одлуки;
- Да се консултираат сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот;
- Да се насочат на други процеси, како што се влијанието врз животната средина на оценките врз одделни развојни проекти.

Стратегиската оцена следејќи ги одредбите за содржината на овој Извештај, ги обработува следните содржини:

- Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
- Проблеми од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите;
- Целите на заштита на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;
- Веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, здравјето на луѓето, флората, фауната, водата, воздухот, почвата, климатските фактори, културното наследство, пејсажот и материјалните придобивки. Овие влијанија вклучуваат секундарни, краткорочни, долгорочни, трајни и привремено позитивни и негативни ефекти;
- Резиме/краток преглед на причините на алтернативите, опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;
- Опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;
- Не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во претходните точки.

1.7 Резиме

Врз основа на спроведената Стратегиска оценка на животната средина за Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново органот е должен да ги следи ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето со цел во раната фаза да се согледаат евентуалните негативни влијанија напоредно со изработката на планската документација пред да биде прифатлива за имплементација.

2. Преглед на Планскиот документ
2.1 Основи на Планскиот документ

Планската документација за Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, со површина од 295.96 хектари, се изработува врз основа на Член 14 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Годишната Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година („Сл. Весник на РМ" бр.16/18, 56/18, 73/18 и 212/18), Годишната Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2019 година („Сл. Весник на РМ" бр. 16/19,107/19 и 248/19), Годишната Програма за финансирање и изработка на урбанистички планови, за 2020 година („Сл. Весник на РСМ" бр. 284/20), и Годишната Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година („Сл. Весник на РМ" бр. 15/21). Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа на територија на општина Мојанци, во КО Мојанци и има назив:

- Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново.

Урбанистичкиот план за село се работи за плански период од 10 години (2021-2031), согласно Член 22 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23).

Урбанистичкиот план за село Мојанци како основна цел ги предвидува насоките за идниот просторен развој со создавање на услови за планирани организирани простори и одредување на наменски зони со компатибилни класи на намени на основната класа на намена, дефинирани оптимални решенија и водови на системот за организирање на основните функции, и тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничувања како и создадениот материјален фонд, преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни решенија.

Урбанистичкиот план за село претставува основен развоен документ и има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот,
- оформување препознатлива амбиентална целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и надградување на пејсажните вредности,
- оформување културен пејзаж,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,

- подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,
- да ги утврди параметрите и насоките за изработка на соодветна урбанистичко проектна документација или проектна документација, согласно важечката законска регулатива, кои ќе се изработуваат согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23), како и да ги пропише општите и посебни услови за градење, преку параметри, кои се потребни за изработување соодветна понатамошна урбанистичкопроектна документација за изградба.

Предмет на изработка на Урбанистичкиот план за село Мојанци претставува планскиот опфат кој зафаќа површина од П=295.96 ха.

2.2 Плански опфат

2.2.1 Географска и геодетска местоположба

Селото Мојанци се наоѓа северно од населено место Арачиново на надморска висина од 290-770 мнв.

Село Мојанци сообраќајно се поврзува со поширокото опкружување преку регионален пат Р1104Скопје (врска со А2- обиколница Скопје) - Арачиново - Куманово (врска со А1) граница со Србија (ГП Сопот).


Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува 2959598.4555м^2.

Границата на планскиот опфат е следната:

- На север е дефинирана по источната граница на КП 265/1, по јужнатаграница на КП 259, КП 258, КП 257, по источната гранца на КП 868, поисточната граница на КП 3 и по јужната граница на КП 31;
- На исток е дефинирана по западна граница на КП 863, КП 160, КП 162, КП 171, КП 172, КП 173, КП 184, КП 185, КП 122, КП 115, КП 114, КП 589, КП 588, КП 587, КП 586, КП 584, КП 627, КП 633/2, КП 633/1,КП 632, КП 655, КП 654, КП 672, КП 671, КП 890, северна граница на КП 185, јужна граница на КП 583, КП, 582, КП 580, КП 578, КП 596 и КП 144.
- На југ е дефинирана по источната граница на КП 938, северна источната граница на КП 1626, западната граница на КП 822/1, КП 821, КП 819, КП 818, северната граница на КП 818, КП 817, КП 816/2, КП 816/3, КП 1629, КП 435/4, КП 434/1, КП 431/1, КП 430/1, КП 424/14, КП 423/5, КП 423/4, КП423/2, КП 422/1, источната граница на КП 422/1, КП 421/2, јужна источната граница на КП 420 и северната граница на КП 1616/1 која е од регионален пат Р 1104 (Скопје - врска со А2 -

обиколница Скопје-Арачиново-Куманово - врска со А1 - граница со Р.Србија - ГП Сопот);

- На запад е дефинирана по источната граница на КП 265/1, КП 878, КП 277/1, КП 15/1, КП 937, КП 17, КП 938 и јужната граница на КП 933.



Графички приказ за УПС Мојанци, општина Арачиново

2.2.2 Намена на употреба на земјиштето

Агрегацијата на просторни податоци, урбанистички параметри и плански одредби во УПС се врши преку ограничени површински единици за планирање на просторот и градежното земјиште. Во УПС за село Мојанци се определени просторни единици за планирање: 20 (дваесет) урбани блока. Урбаниот блок е помала просторна единица на градежното земјиште, која се состои од парцелирано земјиште (повеќе градежни парцели) и земјиште за општа употреба. Границата на урбаниот блок се совпаѓа со оска на улици, оска на речни корита, како и на делови со граница на плански опфат. Со планското решение на Урбанистичкиот план за село Мојанци, КО Мојанци - Општина Арачиново, со површина на плански опфат 295.96 ха се определени 20 (дваесет) урбани блока, како единици на градежното земјиште со површина помала од 22 ха.

- БЛОК 01-со површина 83231.20м^2 (8.32 ха);
- БЛОК 02-со површина 173520.53м^2 (17.35 ха);

- БЛОК 03-со површина 183623.53м^2 (18.36 ха);
- БЛОК 04-со површина 214511.46м^2 (21.45 ха);
- БЛОК 05-со површина 28843.84м^2 (2.88 ха);
- БЛОК 06-со површина 173130.15м^2 (17.31 ха);
- БЛОК 07-со површина 103425.02м^2 (10.34 ха);
- БЛОК 08-со површина 128598.68м^2 (12.86 ха);
- БЛОК 09-со површина 126466.39м^2 (12.65 ха);
- БЛОК 10-со површина 148471.96м^2 (14.85 ха);
- БЛОК 11-со површина 145940.27м^2 (14.59 ха);
- БЛОК 12-со површина 114946.21м^2 (11.49 ха);
- БЛОК 13-со површина 94879.47м^2 (9.49 ха);
- БЛОК 14-со површина 206998.62м^2 (20.70 ха);
- БЛОК 15-со површина 131526.92м^2 (13.15 ха);
- БЛОК 16-со површина 201268.65м^2 (20.13 ха);
- БЛОК 17-со површина 194533.05м^2 (19.45 ха);
- БЛОК 18-со површина 166259.54м^2 (16.63 ха);
- БЛОК 19-со површина 193447.37м^2 (19.34 ха);
- БЛОК 20-со површина 145972.17м^2 (14.60 ха).

Во планскиот опфат на Урбанистичкиот план за село Мојанци, КО Мојанци, Општина Арачиново, намената на земјиштето се уредува на ниво на наменска зона: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси, зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, инфраструктура. Уредувањето на намената на земјиштето во Урбанистичкиот план за село Мојанци, КО Мојанци, Општина Арачиново, се врши со системот на класи на намени, согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Во планскиот опфат на УПС застапени се следните групи на класи на намена со основните класи на намена:

Група на класи на намена:

- Домување и престој - група на класа на намена -А,
- Деловни и комерцијални намени - група на класа на намена -Б,
- Јавни дејности и институции - група на класа на намена -В,
- Производство, рударство, енергетска и индустрија - група на класа на намена -Г,
- Зеленило, рекреација и меморијални простори - група на класа на намена -Д
- Инфраструктура - група на класа на намена Е.

Групитете на класи на намена се составени од основни класи на намени.

- Група на класа на намена А-домување со основни класи на намена:

- А1 - Домување во куќи,
- А4 - Времен престој.

- Група на класа на намена Б-Комерцијални и деловни намени со основни класи на намена:

- Б3 - Големи единици за угостителска дејност

- Група на класа на намена В- Јавни дејности и институции со основни класи на намена:

- В1 - Образование и наука,
- В2 - Здравство и социјална заштита,
- В3 - Култура,
- В5 - Верски институции,

- Група на класа на намена Г- Рударство, енергетика, индустрија со основни класи на намена:

- Г5 - Земјоделско и сточарско производство.

- Група на класа на намена Д- Зеленило, рекреација и меморијални просторисо основни класи на намена:

- Д1 - Парковско и пејсажно зеленило,
- Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило,
- Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини и
- Д4 - Меморјални зелени простори и гробишта.

- Група на класа на намена Е- инфраструктури со основни класи на намена:

- Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, со оределени повеќе поединечни намени:

- Сообраќајни патни инфраструктури - Е1.1
- Хидротехнички инфраструктури - Е1.4
- Инфраструктура за водоснабдување (Резервоар) - Е1.5
- Канализациски инфраструктури - Е1.6
- Инфраструктури за пренос на електрична енергија - Е1.8
- Телекомуникациски водови - Е1.9
- Површински соларни и фотоволтаични електрани - Е1.13.

Планирани наменски зони

Домување и престој-А

Во Просторниот план на Република Макединија, функцијата домување е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- обезбедување стан за секое семејство;
- подигнување на стандардот на домување во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;
- асеизмичка градба на станови;

- замена на субстандардните станови со нови;
- обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигнување на квалитетот на станбениот фонд;
- организирање на становите како хумани простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- постигнување порамномерна станбена изградба;
- либерализација на станбениот пазар;
- изградба на социјални станови;
- обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување на поволни кредитни услови за станбена изградба и
- дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна градба.

При проекција на потребниот станбен фонд треба да се обрне внимание особено на:

- потребата за нов станбен фонд по основ на порастот на бројот на жителите и намалување на просечниот број членови на домаќинства,
- потребата за замена на субстандардниот станбен фонд,
- потребите кои произлегуваат од станбениот стандард и културата на домувањето и друго.

Проекцијата на потребниот станбен простор за село Мојанци во планскиот период треба да се заснива на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: мин. 20-25м^2/жител станбена површина, 40-80 м^2/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Бидејќи предмет на уредување е плански опфат на средно збиено или разредено село со средна изграденост на земјиштето, овие параметри се многу поголеми.

Површината на планирана наменска зона за домување на ниво на плански опфат за УП за село Мојанци изнесува 210.34 ха или 71% од вкупната повшина на планскиот опфат и таа претставува доминантна намена во рамки на опфатот. Согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) во планскиот опфат определени се класите на намени:

- А1 - домување во куќи -1966602.60м^2 (196.66 ха) - 66.45% од вкупниот опфат
- А4 - времен престој -136895.47м^2 (13.69 ха) - 4.63% од вкупниот опфат.

Домување во куќи - А1

Во блоковите од планскиот опфат на село Мојанци со ознака БЛОК 1, БЛОК 2, БЛОК 3, БЛОК 4, БЛОК 9 и БЛОК 10, кои се во непосредна близина на с.Арачиново, како административен центар на општината, се препорачува да се иземе селско стопанскиот двор од уредувањето на градежните парцели, со цел да се формираат неземјоделски домаќинства, да се даде градска карактеристика на населеното место. Со планска -

урбанистичка и проектна документација, согласно барањето на инвеститорите (сопствениците на земјиштето) ќе се определи формирањето и уредувањето на градежните парцели. Во блоковите со намена А1-домување во куќи, може да се планираат дополнителни површини со намена Б1-мали комерцијални објекти и В-јавни инстуции, објекти од образование, здравство и социјална политика. Парцелите утврдени за јавни функции може директно да се разработуваат со Урбанистички проект.

Времен престој-А4

Во планскиот опфат на село Мојанци е определена наменска зона -А4 времен престој, во БЛОК 5 со површина од 23388.43м^2 (2.34 ха) и во БЛОК 20, со површина од 113507.04м^2 (11.35ха), односно вкупна површина 136895.47м^2 (13.69 ха), 4.63% од вкупната површина на планскиот опфат. На оваа површина се планира да може да се градат објекти за времен престој-викенд куќи, планинарски домови, ловни домови, шумски куќи, традиционални куќи за потребите на туризмот и слично. Изборот на поединечната намена ќе се направи со изработка на проектна документација согласно важечките законски прописи.

Комерцијални и деловни намени-Б

Површината за планираната наменска зона за комерцијални и деловни намени на ниво на плански опфат за УП за село Мојанци изнесува 2893.31м^2 (0.29 ха) или 0.1% од вкупната повшина на планскиот опфат.

Мали комерцијални и деловни намени - намена Б1

Посебна површина со намена -Мали комерцијални и деловни намени Б1, во граница на планскиот опфат на село Мојанци не е определена. Се планира да може во секоја планирана површина со намена А-домување, да се уреди површина со намена Б1, како компатибилна, односно комплементарна намена, согласно член 80, 81, 83 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21, 104/21 и 99/23).

Големи единици за угостителска дејности-Б3

Во границите на БЛОК13, планирана е градба од областа на големи единици за угостителска дејност - Б3 со вкупна површина од 2893.31м^2 (0.29 ха), односно 0.1% од вкупниот опфат.

Јавни дејности и институции-В

Површината за планираната наменска зона за јавни функции на ниво на плански опфат за УП за село Мојанци изнесува 41561.29м^2 (4.15 ха) или 1.41% од површината на планскиот опфат.

Образование и наука-В1:

- целосен опфат на децата на возраст од 6-14 год;
- работа на училиштата во една смена со можност за дневен престој на учениците;
- изградба и реконструкција на објекти во согласност со современите педагошки и хигиенски барања и обезбедување оптимален училишен простор според современите стандарди и нормативи;
- развивање на мрежата на основни училишта;

- приспособување на програмските содржини и образовно воспитната функција на училиштето со современите педагошки и научни сознанија.

Во постојното основно училиште ООУ Џерџ Кастриот Скндербег наставата во училиштето се изведува од прво до петто одделение. Училиштето ги опфаќа учениците од село Мојанци. Вкупната планирана површина за наменската зона за образование В1 - основно училиште изнесува 15894.81м^2 (1.59 ха), односно 0.54% од вкупниот плански опфат.

Се задржува постојното училиште, но со зголемена површина од 8963.31м^2 во БЛОК 17 и се планира нова површина - 6931.50м^2 во БЛОК 14 од планскиот опфат.

Здравство и социјална заштита-В2

Во планскиот опфат на УПС Мојанци, со намена здравство и социјална заштитаВ2, се планира 11205.28м^2 (1.12 ха) - 0.38% од планскиот опфат. Планирано е:

-здравство-амбуланта во БЛОК 13- 5024.20м^2 (0.50 ха) и

-социјална заштита-детска градинка во БЛОК 14 - 6181.08м^2 (0.62 ха).

Во село Мојанци не постои објект со намена здравството. Во планскиот опфат се планира нова површина за намена В2 - здравствен објект во БЛОК 13 со површина - 5024.20м^2 (0.50 ха).

Социјална заштита-В2

Во планскот опфат на село Мојанци нема градинка, а со планската документација се планира- В2-социјална заштита (градинка) во БЛОК 14 со површина од 6181.08м^2 (0.62 ха).

Култура-В3

Со Урбанистичкиот план за село Мојанци, во границите на БЛОК 14, планирана е класа на намена В3 - култура, со површина од 12537.22м^2 (1.25 ха), односно 0.42% од вкупната површина. Ова опфаќа библиотечна дејност, друштвен дом за деца и млади, сценско-музички дејности, секции, театарски активности, манифестации и доколку постои интерес и економска основа за организирање на културна содржина (во јавен или приватен сектор).

Верски институции-В5

Во планскиот опфат на УПС Мојанци, верски институции- верски објекти има во границите на БЛОК 3 (616.19м^2) и БЛОК 18 (1307.79м^2), со вкупната површина поединечна намена, верски објект - џамија има 1923.98м^2 (0.19 ха), односно 0.07% од вкупниот опфат. Покрај предвидените површини со намена В - јавни институции, при разработката на блоковите со изработка на проектна документација, се дозволува да се планираат дополнителни површини со намена В-јавни инстуции, во рамки на сите наменски зони, пред се во домувањето, согласно потребите. Парцелите утврдени за јавни функции може директно да се разработуваат со Урбанистички проект.

Рударство, енергетика, индустрија-Г

Индустриското производство се очекува да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење и повисок стандард на населението во селото Мојанци. Бидејќи Мојанци е рурална средина, во развојот треба да се стави акцент на

максимално користење на условите што ги пружа, пред се за развој на земјоделското и сточарското производство.

Земјоделско и сточарско производство-Г5

Во планскиот опфатсе планира да се задржи и земјоделското и сточарското производство (одгледувањет на живина и ситна стока) -намена Г5, на површини во БЛОК 6 (1309.40м^2) и БЛОК 15 (7465.51м^2), односно вкупна површина 8774.91м^2 (0.88 ха)-0.30% од планскиот опфат. Во планскиот опфат на УПС Мојанци, земјоделското и сточарското производство ќе се надополни со организација на селско-стопански двор во градежните парцели кои ќе се формираат во наменската зона-домување.

Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори-Д

Парковско и пејсажно зеленило-Д1

Во граници на планскиот опфат планирано е парковско и пејзашно зеленило - Д1 со вкупна површина од 83952.37м^2 (8.40 ха) - 2.84% од вкупниот опфат, распоредено во блоковите: БЛОК 11 - 43117.93м^2 (4.31 ха); БЛОК 14 - 4882.87м^2 (0.49 ха); БЛОК 16 - 35951.57м^2 (3.60 ха). Согласно теренските услови на површината наменета за парковско зеленило може да се организираат игралишта за деца.

Заштитно и сообраќајно зеленило-Д2

Заштитно и сообраќајно зеленило распоредено е покрај сообраќајници, како тампон зона околу површини со намена производство, во делови од планскиот опфат покрај површинските води, покрај Мпјанска Река, покрај регулираните долови и порои. Заштитно и сообраќајно зеленило со намена - Д2 во граница на планскиот опфат има 56540.53м^2 (5.65 ха) - 1.91% од вкупниот опфат, распоредено во блоковите: БЛОК 3-881.77м^2 (0.09 ха); БЛОК 4 - 8157.83м^2 (0.16 ха); БЛОК 7 - 6263.15м^2 (0.63 ха); БЛОК 8 -10468.05м^2 (1.05 ха); БЛОК 9 - 6876.52м^2 (0.69 ха); БЛОК 13 - 1917.28м^2 (0.19 ха); БЛОК 14-9114.65м^2 (0.91 ха); БЛОК 15 - 3932.75м^2 (0.39 ха); БЛОК 16 - 2464.28м^2 (0.25 ха); БЛОК 17-5751.80м^2 (0.58 ха); БЛОК 18 - 3636.59м^2 (0.36 ха); БЛОК 19 - 624.35м^2 (0.06 ха); БЛОК 20-4240.66м^2 (0.42 ха).

Спорт и рекреација на зелени површини-Д3

Во граница на планскиот опфат планиран е простор со намена за спорт и рекреација на зелени површини во БЛОК 14, со вповршина од 11506.96м^2 (1.15 ха), 0.39% од планскиот опфат.

Меморијални зелени простори и гробишта-Д4

Во граници на планскиот опфат планирана површина за меморијални зелени простори и гробишта - Д4, односно површина за гробишта-Д4.3, има 22326.68м^2 (0.23 ха), односно 0.75% од вкупниот плански опфат. Гробишта има во блоковите: БЛОК 10 - 15114.13м^2 (1.51ха); БЛОК 16- 2364.52м^2 (0.24 ха); БЛОК 18 - 4848.03м^2 (0.48 ха).

Инфраструктура-Е

Од областа на инфраструктурата во село Мојанци, предвидена е сообраќајна патна инфраструктура, комунална инфраструктура со пратечки градби и инсталации. Од групата на класа на намена - инфраструктура-Е, согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник

на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), во граница на планскиот опфат застапени се класи на намена:

Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Во класта со намена Е1- Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, покрај линиските инфраструктурни линии спаѓаат и градбите кои ги пратат тие инфраструктури, било да се на сообраќајните патни инфраструктури, на инфраструктурата на водоснабдувањето и кнализациските инфраструктури, инфраструктурите за пренос на електрична енергија, телекомуникациски водови, инфраструктури за одводнување и наводнување, површински соларни и фотоволтаични централи и слично. Од овие градби во планскиот опфат на УПС Мојанци, има определени со намена и површина линиски инфраструктури, а дел се определени со ознака.

Сообраќајни патни инфраструктури-Е1.1

Во оваа намена спаѓаат: јавни патишта со пратечки градби, регионални и локални патишта, примарна и секундарна улична мрежа со градби кои припаѓаат на патната инфраструктура во населено место и др.

Во планскиот опфат на с. Мојанци во сообраќајна-патна инфраструктура се планираните сервисни улици кои ги формираат блоковите, како и магистралната улицарегионалниот пат кој е на граница на планскиот опфат. Вкупна површина со оваа намена, целокупна улична мрежа изнесува - 197950.39м^2 (19.80 ха) односно - 6.69% од планскиот опфат.

Централно во планскиот опфат на УПС Мојанци, во блок 14, е планиран простор за општа употреба - плоштад, кој ги поврзува јавните институции од културата, образовнието, здравството со површина од 6498.97м^2 (0.65 ха) односно 0.22% од планскиот опфат. Плоштадот ќе служи за одржување на културни, образобни, спртски, забавни и други манифестации.

Хидротехнички инфраструктури-Е1.4

Во планскиот опфат како дел од хидротехничката инфраструктура е речната регулација на Мојанска Река. Таа тече на источната граница на планскиот опфат, делумно тече во планскиот опфат, а на долниот дел тече надвор од планскиот опфат. Регулацијата на Мојанска Река е превземена од Урбанистичкиот план за с. Арачиново, каде Мојанска Река е дел од планскиот опфат и е регулирана со корито од 6.0м и заштитен појас од по 3.0м од двете страни на коритото. Површината на овој хидротехнички инфраструктурен објект-регулирана река изнесува 12471.79м^2 (1.25 ха) - 0.42% од планскиот опфат. Во граница на планскиот опфат какао резултат на стрмниот терен се јавуваат повеќе долови, порои, кои повеќе ги има во централниот и северниот дел од опфатот. Со планската документација се регулираат овие делови од теренот со профилирано корито од 6.00м и заштитен појас од мин. 3.00м. Евентуалните води при големи дождови ќе се собираат и ќе се носат во природен реципиент- Мојанска Река. Површината на овие инфраструктурни градби - регулирани долови, порои и сл. изнесува - 10358.83м^2 (1.04 ха) - 0.35% од планскиот опфат. На регулираните површински води е обезбеден заштитен појас од мин. 3.00м на двете страни на водотекот, согласно Одлука бр. 07-370/2 од 11.06.2024 год. за определување на

крајбрежен појас на водотеци во н.м. Мојанци, опфатени со урбанистичкиот план за КО Мојанци, донесена од Советот на општина Арачиново.

Инфраструктура за водоснабдување-Е1.5

Водоснабдувањето во с.Мојанце, е преку водоснабдителен систем од бунари во општина Арачиново, преку притисни електрични пумпи до резервори во граница на планскиот опфат. Со планската документација се планира да се ископаат и други бунари, со цел да се зголеми количеството на вода, со цел да се задоволат потребите на планираниот број на жители. Површина со инфраструктура за водоснабдување -намена Е1.5 -резеворски простор изнесува 6718.09м^2 (0.67 ха)- 0.23%, во два блока: постоен резервоар во БЛОК 15 - 2870.54м^2 (0.29 ха) и планиран резервоар за горна зона во БЛОК 19 - 3847.55м^2 (0.38 ха).

Канализациски инфраструктури-Е1.6

Во канализацискатa инфраструктура со намена -Е1.6, се фекални и атмосферски комунални канализациски мрежи, примарна канализациска мрежа со пратечки содржини (шахти, преливници, таложници и сл.). Канализацискатa мрежа е комунална инфраструктура - линиска, која се води по планираните сообраќајници, со профили на цевките согласно пресметка, а ќе завршат во пречистителна станица надвор од предметниот плански опфат, на атарот на с. Арачиново. Пречистителната станица е планирана со УПС Арачиново. Пречистените води ќе се носат во природен реципиент - Брњачка Река.

Инфраструктури за пренос на електрична енергија-Е1.8

Преносот и дистрибуцијата на електричната енергија се врши преку високонапонски и среднонапонски надземни водови, нисконапонски и среднонапонски водови од дистрибутивната мрежа со заштитни коридори, трансформаторски станици и помошни инсталации. Со планската документација определен е заштитен појас за високонапонски надземен вод од 110КВ, од АД Мепсо, со ширина 20м. (10+10м) согласно Мрежните правила за пренос на електрична енергија („Сл. Весник на РСМ” бр. 04/22). За среднонапонски дистрибутивен вод 10(20) КВ од ЕВН е определен заштитен појас 20.00м. (10+10м од оската на водот) согласно Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија („Сл. Весник на РСМ” бр. 191/19). Површината на заштитен појас на високонапонските водови од АД Мепсо и среднонапонските дистрибутивни водови 10(20)КВ од ЕВН, каде не се дозволува изградба, во граница на планскиот опфат на УПС Мојанци, се протега низ повеќе блокови и изнесува 113580.61м^2 (11.36 ха) - 3.84% од планскиот опфат. Во граница на планскиот опфат согласно потребите од електрична енергија, се задржуваат постојните 6 (шест) трафостаници и се планирани 19 (деветнаесет) нови трафостаници.

Телекомуникациски водови-Е1.9

Според добиените податоци низ планскиот опфат поминуваат електронски инфраструктурни линии: оптички кабли, бакарни кабли, и др. Добиени се податоци од: АЕК (допис бр. 1404-2058/2 од 10.07.2021 год.), Македонски Телеком (допис бр. 36872 од 14.07.2021 год.). Со планското решение се задржуваат постојните линии, а се планираат нови согласно

важечките законски прописи кои ја допираат оваа област. Со електронскокомуникацискатa мрежа, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос. Корисниците треба да имаат можност за слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови. Телекомуникациските водови дадени во планскиот опфат на УПС Мојанци се линиски инфраструктурни линии кои се дадени по сообраќајните површини.

Површински соларни и фотоволтаични електрани-Е1.13

Од аспект на задоволување на потребите од електрична енергија, да се намали увозната зависност од електрична енергија во државата, според принципите на Просторниот план, потребно е да се оди кон користење на обновливи извори за производство на електрична енергија. Тука спаѓа изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со кои ќе се користи сончевата енергија, како обновлив извор, за производство на електрична енергија. Токму затоа во граница на планскиот опфат на УПС Мојанци, се планира површина за соларни и фотоволтаични електрани, со намена Е1.13, во - БЛОК 12-99636.26м^2 (9.96 ха) и БЛОК 19 - 181329.40м^2 (18.13 ха). Вкупната површина изнесува површина од 280965.66м^2 (28.10 ха) - 9.49% од вкупниот плански опфат. Со урбанистичко-проектна документација, во следна фаза ќе се направи разработка на планот, ќе се формираат градежни парцели и ќе се дадат услови за градба. Согласно апроксимативна пресметка, според која од 1.20 ха може да се добие 1MW електрична енергија, добиваме дека во планскиот опфат на УПС Мојанци, може да се произведат прелиминарно - 23MW. Согласно условите оваа електрична енергија ќе се предаде во дистрибутивната мрежа на ЕВН, под услови што ќе се определат во следна фаза.

Табеларен приказ на површините по намени, во граница на планскиот опфат на УПС Мојанци:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО МОЈАНЦИ КО МОЈАНЦИ, ОПШТИНА АРАЧИНОВО			
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО	ПОВРШИНА (м²)	ПОВРШИНА (ха)	ПРОЦЕНТ %
А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ	1966602.6	196.66	66.45
А4 - ВРЕМЕН ПРЕСТОЈ	136895.47	13.69	4.63
Б3- ГОЛЕМИ ЕДИНИЦИ ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ	2893.31	0.29	0.10
В1 - ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	15894.81	1.59	0.54
В2 - ЗДРАСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА	11205.28	1.12	0.38
В3 - КУЛТУРА	12537.22	1.25	0.42
В5 - ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	1923.98	0.19	0.07
Г5 - ЗЕМЈОДЕЛСКО И СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО	8774.91	0.88	0.30
Д1 - ПАРКОВСКО И ПЕЈЗАШНО ЗЕЛЕНИЛО	83952.37	8.40	2.84
Д2 - ЗАШТИТНО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО	56540.53	5.65	1.91
Д3 - СПОРТ И РЕКРАЦИЈА НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ	11506.96	1.15	0.39
Д4 - МЕМОРИЈАЛНИ ЗЕЛЕНИ ПРОСТОРИ И ГРОБИШТА	22326.68	2.23	0.75
Е1 - СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ - ПЛОШТАД	6498.97	0.65	0.22
Е1.5 - СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ - РЕЗЕРВОАР	6718.09	0.67	0.23

Е1.13 - СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ - СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ	280965.66	28.10	9.49
Е1 - СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ - УЛИЧНА МРЕЖА	197950.39	19.80	6.69
Е1 - СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ - ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА	113580.61	11.36	3.84
Е1 - СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ - МОЈАНСКА РЕКА	12471.79	1.25	0.42
Е1 - СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ - РЕГУЛАЦИЈА НА ПОВРШИНСКИ ВОДИ-ДОЛ, ПОРОЈ И ДР.	10358.83	1.04	0.35
ВКУПНО	2959598.46	295.96	100

Максимална височина на градбите

Височината на градбите е условена од потребата за простор и намената.

- А (Домување)

А1 - Домување во куќи - мах Н=10.20м.
А4 - Времен престој - мах. Н=7.20м

- Б - Комерцијални и деовни намени

Б3 - Големи единици за угостителска дејност - мах. Н=10.00м.

- В - Јавни дејности и институции

В1 - Образование и наука - мах. Н=10.00м.
В2 - Здравствена и социјална заштита - мах. Н=10м.
В3 - Култура - мах. Н=10м.
В5 - Верски институции - мах. Н - ќе се утврдува со проектна документација.

- Г - Рударство, Енергетика, Индустрија

Г5 - земјоделско и сточарско производство -- мах. Н=5м

- Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори

Д1 - Парковско и пејзашно зеленило - мах. Н= /.
Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило - мах. Н= /.
Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини - мах. Н=5м.
Д4- Меморијални зелени простори и гробишта - мах. Н - ќе се утврдува со проектна документација.

- Е - Инфраструктури

Е1 - Сообраќајни, лниски и други инфраструктури - соларни и фотоволтаични електрани - мах. Н=7м.

Височина на градбите треба да соодветствува со програмските потреби, земајќи ги предвид следните ограничувачки фактори:

- Да се почитуваат прописите за заштита и спасување утврдувајќи ја висината во корелација со должината на обрушувањето,
- Да се создадат квалитетни композициски урбанистички решенија,
- Да се овозможи проветрување Ѣ аерација на селото,
- Да не се намалува вредноста на земјиштето и вредноста на околните градби,
- Да се овозможи правото на осончување на градбите во зимскиот период најмалку еден час,
- Висините да се утврдат и врз основа на условеноста со планскиот концепт согласно општите и посебни услови да се превземат во проектната документација од пониско ниво,
- Да се почитува стратегијата за одржлив развој (Агенда 21) од ОН.
- За градби за коишто ќе се примени кос кров, како завршеток, максималниот нагиб на кровот не треба да надминува 350.
- Височината на приземје како и максимална височина на нултата плоча во однос на котата од тротоарот за сите градби е условена од намената на градбата и конфигурацијата на теренот и истата ќе се утврди со проектната документација од пониско ниво, но не повеќе од 1,20м.

Максимален број на спратови

Најголемата спратност на градбите од сите видови и намени во село е до три надземни нивои или приземје и два ката, согласно член 184 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Со овој УПС се утврдува бројот на надземни нивои, по намени на површини за:

- А (Домување)

А1 - Домување во куќи -П+2 (3 нивоа)
А4 - Времен престој -П+1 (2 нивоа).

- Б - Комерцијални и деовни намени

Б3 - Големи единици за угостителска дејност - П+1 (2 нивоа).

- В - Јавни дејности и институции

В1 - Образование и наука -П+1 (2 нивоа).
В2 - Здравствена и социјална заштита - П+1 (2 нивоа).
В3 - Култура -П+1 (2 нивоа).
В5 - Верски институции - П (1 ниво).

- Г - Рударство, Енергетика, Индустрија

Г5 - земјоделско и сточарско производство -П (1 ниво).

- Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори

Д1 - Парковско и пејзашно зеленило /.
Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило /.
Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини -П (1 ниво).
Д4 - Меморијални зелени простори и гробишта -П (1 ниво).

- Е - Инфраструктури

Е1 - Сообраќајни, лниски и други инфраструктури
Е1.5 - Инфраструктура за водоснабдување - /.
Е1.13 - Соларни и фотоволтаични електрани -П (1 ниво).

Процент на изграденост

Препорачани максимални проценти на изграденост по класи на намени се за:

- А (Домување)

А1 - Домување во куќи -50%
А4 - Времен престој - 50%

- Б - Комерцијални и деовни намени

Б3 - Големи единици за угостителска дејност - 60%.

- В - Јавни дејности и институции

В1 - Образование и наука -60%.
В2 - Здравствена и социјална заштита - 60%.
В3 - Култура - 50%.
В5 - Верски институции - 50%.

- Г - Рударство, Енергетика, Индустрија

Г5 - земјоделско и сточарско производство -50%

- Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори

Д1 - Парковско и пејзашно зеленило /.
Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило /.
Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини -40%.
Д4 - Меморијални зелени простори и гробишта - 30%

- Е - Инфраструктури

Е1 - Сообраќајни, лниски и други инфраструктури
Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури- плоштад- /
Е1.5 - Инфраструктура за водоснабдување - резервоар- 50%
Е1.13 - Соларни и фотоволтаични електрани -80%.

Коефициент на искористеност

Препорачани максимални коефициенти на искористеност на земјиштето по класи на намени се за:

- А (Домување)

А1 - Домување во куќи -1.5
А4 - Времен престој - 1

- Б - Комерцијални и деовни намени

Б3 - Големи единици за угостителска дејност -1.5

- В - Јавни дејности и институции

В1 - Образование и наука -2.
В2 - Здравствена и социјална заштита - 2
В3 - Култура - 2
В5 - Верски институции - 1.

- Г - Рударство, Енергетика, Индустрија

Г5 - земјоделско и сточарско производство -1

- Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори

Д1 - Парковско и пејзашно зеленило /.
Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило /.
Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини -1
Д4 - Меморијални зелени простори и гробишта - 0.5

- Е - Инфраструктури

Е1 - Сообраќајни, лниски и други инфраструктури
Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури- плоштад- /
Е1.5 - Инфраструктура за водоснабдување-резервоар -0.5
Е1.13 - Соларни и фотоволтаични електрани -1.

Зеленило

Во граници на планскиот опфат со УПС Мојанци, како зелена урбана инфраструктура, односно подрачја и градби од живо зеленило, уредени како поединечни намени во системот на класи на намени се:

- јавни зелени површини - паркови, зелени плоштади-скверови, тревнати терени, зелени коридори и слични зелени површини.
- јавни површини со ограничени намени - дворно зеленило.

Се планира во граница на блоковите, со намена домување, да се уреди мин. 5% од површината со јавно зеленило, односно процентот на озеленетост на блокот да изнесува 5%. За парцелираното земјиште се определува планска одредба, во секоја градежна парцела согласно Законот за урбано зеленило („Сл. Весник на РСМ" бр. 11/18 и 42/20), да се обезбеди мин. 20% зеленило. Во планскиот опфат површина под зелена урбана инфраструктура-живо зеленило, парковско зеленилоима изнесува - 83952.37м^2 (8.40 ха) - 2.84% од планскиот опфат. Заштитното зеленило како дел од јавното зеленило, кое се протега покрај водотекот - Мојанска Река и покрај регулираните површински води од долови, порои и сл. го надополнува процентот на озеленетост на планскиот опфат. Во планскиот опфат има и заштитно сообраќајно зеленило на регионалниот пат - Р1104, во блок 4, од опфатот. Вкупната површина на ова заштитно и сообраќајно зеленило изнесува 56540.53м^2 (5.65 ха) -1.91% од планскиот опфат.

3. Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:
- Улична мрежа;
- Водоводна мрежа;
- Канализациона мрежа;
- Електрична мрежа.

3.1 Сообраќајно поврзување

Врската со планираната основна улична мрежа на Република Македонија е дефинирана преку регионален пат Р1104Скопје - Арачиново - Куманово, кој на југ ја тангира границата на предметниот плански опфат. Регионален пат-Р1104 поминува низ село Арачиново, а на дел поминува на граница од планскиот опфат на с. Мојанци во должина од 518м. Со УПС Арачиново на регионалниот пат, категоризиран како магистрална улица низ населено место -село, што се задржува и во предметниот УПС.

Во планскиот опфат на с.Мојанци, каде на дел опфатот го тангира регионалниот пат - Р1104, сообраќајниот профил на магистрална улица низ населено место - село (Р1104) е планиран 14.50м, превземен од Урбнаистичкиот план за село Арачиново одобрен со Одлука бр. 07-85/1 од 05.04.2016год.

Согласно Законот за јавни патишта („Сл. Весник на РМ" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21), планиран е заштитен појас на регионалниот пат Р1104-со ширина од 20м.

Магистрална улица низ населено место-село (Р1104) е со профил:

- коловози 2х3.75 = 7.50м
- тротоари 2х 2.00 = 4.00м
- велосипедски ленти 2 х 1.50 = 3.00м

Вкупно: 14.50м.

Секундарна мрежа

Од категоријата на секундарната мрежа се планирани само сервисни улици кои ги формираат урбаните единици-блоковите. Планирани се сервисни улици со ознака од Се1---Се1 до Се18---Се18. Планираните сервисни улици се со следна структура на сообраќајниот профил:

СЕРВИСНИ УЛИЦИ
Се1-С1 до Се18---Се18
коловози 2х3.00 = 6.00м
тротоари 2х2.40 = 4.80м
Вкупно: 10.80м

Вкупната должина на планираните сервисни улици во граница на опфатот изнесува:

- Се1 = 1042.88м
- Се2 = 2445.47м
- Се3 = 951.50м
- Се4 = 2625.80м
- Се5 = 729.38м
- Се6 = 769.06м
- Се7 = 761.71м
- Се8 = 421.09м
- Се9 = 1322.26м
- Се10 =1208.95м
- Се11 = 794.72м
- Се12 = 550.89м
- Се13 =1363.73м
- Се14 = 417.12м
- Се15 =1606.65м
- Се16 =1342.38м
- Се17 = 668.93м
- Се18 = 379.40м

Вкупно: 19781.32м.

3.2 Водоснабдителна мрежа

Со УПС за с. Мојанци, КО Мојанци, општна Арачиново, според демографската анализа за период до 2031 година, бројот нажители се планира да достигне до 3300 жители. Од анализата на постојната состојба предметниот опфат се снабдува со вода од бунари кои се наоѓат во општина Илинден на м.в. Белви. Водата од бунари со усисни и притисни електрични пумпи се носи до резервоар (постоен), кој е изграден на дел од КП. бр. 647, во БЛОК 15, на површина-2870.54м^2, од кој резервоар со слободен пад, преку водоводната мрежа се снабдуваат блоковите од планскиот опфат, кои се во долната (пониска) зона на селото. Се задржува примарната водоводна мрежа (ф315мм, Ф250, ф140мм) која од постојниот резервоар во БЛОК 15, водата ја дистрибуира низ село Мојанци, а истовремено снабдува и делови од село Арачиново. За блоковите кои се во горната зона на планскиот опфат, на повисока надморска висина, се планира да се изгради нов резервоар до кој со потисни пумпи ќе се носи вода, од каде по природна гравитација ќе се снабдуваат повисоките блокови. Според податоците добиени од Општина Арачиново има изработено: Основен проект - Систем за водозафаќање Мојанци на атар од с. Мојанци. Со овај проект е планирано да се изградат 3 (три) експлоатациони пробни бунари со пумпни станици, во горна зона на планскиот опфат, кои водата ќе ја носат до приклучна шахта, односно до резервоар.

Според информациите од Општина Арачиново, во горна зона на селото, вода од бунари не може да се добие и токму затоа се планира вода да се носи со пумпи од постојните бунари кои се изградени надвор од опфат (општина Илинден), од кои се врши моменталното снабување на селото.

Водата ќе се пумпа до резрвоарот на кота 437 мнв, (во БЛОК 15), за да од таа кота по потреба се пумпа до резервоарот на кота 650 мнв - планиран во БЛОК 19, на површина од 3847.55м^2. Преку разводна мрежа ќе се снабдува населението со вода, а согласно технички нормативи и прописи ќе се пресметаат профилите на цевките од разводната мрежа.

Од Основен проект - Систем за водозафаќање Мојанци на атар од с. Мојанци, се задржани основни параметри, местоположбата на резервоарот и профилите на главната разводна мрежа.

За решавање на потребите за вода за пиење, за санитарни потреби и вода за противпожарна заштита, потребно да се изгради водоводна мрежа со профили на цевките кои одговараат на противпожарните стандарди како и во согласност со пропишаните нормативи. Разводната водоводна мрежа се планира со водоводни цевки со најмал диаметар Ф110 мм, со што се задоволуваат барањата за противпожарна заштита и ќе се овозможи поквалитетно водоснабдување.

Потребните количини на вода ќе се пресметаат по изведени формули за таа намена, согласно нормативите од оваа област. Вкупната водоснабдителна норма за село Мојанци е усвоена 200 л/ден/жител. Нормата за водоснабдување и коефициентите на дневна и часова нерамномерност се усвојуваат:

Nk = **3300**-планиран број на жители

Qo = $200_{л/ж/ден}$-водоснабдителна норма

Дневна нерамномерност

a_1= 1,4 -коефициент на дневна нерамномерност

- Часовна нерамномерност
  a_2 = 1,5 -коефициент на часова нерамномерност
- Средно-дневна потрошувачка на вода
  $Q_{ср/ ден}$ = Nк x Qo = 3300 x 200 =660 м3/ден

- Максимална дневна потрошувачка на вода
  $Q_{мах/ дневна}$= $Q_{сред/днев.}$ x a_1
  $Q_{мах/дневна}$= 660.000 x 1,4
  $Q_{мах/дневна}$= 924.000 л/ден = 924м3/ден

- Максимална часова потрошувачка на вода
  $Q_{мах/час}$= $\underline{Q_{мах/дневна}}$ x a_2

$$Q_{мах/час} = \frac{924.000h}{24} \times 1,5$$

$Q_{мах/час}$= 57750л/час

$$q_{мах/час} = \frac{Q_{мах/час}}{60 \times 60}$$

$q_{мах/час}$= 16.04л/сек

На ова водно количество треба да се додаде и потребното количество на вода за гасење на пожар.

$q_{довод/пож.}$= $Q_{мах/ден}$/(t x 3600)) + (n x t1 x $q_{пож /t}$) =

$q_{довод/пож.}$= 924000/(24x 3600) + (1 x 2 x 10)/24 =

$q_{довод/пож.}$=**11.53**л/сек

каде се:
t - време траење на работа на довод - 24 часа
t1- време траење на пожар - 2 часа
n - број на истовремени пожари - n = 2
q пожар = 10л/сек.
Според тоа водното количество кое оди во водоснабдителниот систем изнесува:

Q= q мах/час + q дов.пожар
Q = 16.04 + 11.53л/сек= 27.57$_{Л/сек}$

Потребна количина на вода до корисниците ќе се дистрибуира преку проширувањето на дистрибутивна водоводна мрежа која може да се изведе со ПВЦ цевки со профил од мин.ф110мм на разводната мрежа. Се планира водоводните линии со помал профил од 110мм во следен период да се заменат. Приклучувањето на водоводните линии, за секоја градба, односно за секоја градежна парцела ќе биде контролирано до приклучок на водомер, од страна на службите на општинското Јавно комунално претпијатие Водовод-Арачиново, кое стопанисува со водоводната мрежа во населеното место и истото е должно да обезбеди улична хидрантска мрежа во сите делови на населеното место, соодветно да ја обележи, редовно да ја одржува во исправна состојба и редовно да врши контрола на проточниот капацитет и притисок на вода во хидрантската мрежа. Министерството за животна средина и просторно планирање, во согласност со директорот на Дирекцијата зазаштита и спасување, ќе ги пропишат техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасењена пожари. Местоположбата на водоводните цевки е определена по сообраќајниците и делумно (по потреба) по зелените површини, со длабочина мин. 120см. За трајно решение на проблемите со водоснабдувањето треба да се изработи планска документација - Урбанистички проект за инфраструктура.

3.3 Фекална и атмосферска канализација

Во дел од планскиот опфат на село Мојанци има изградено фекална канализација, која е дел од системот на фекална канализација планиран за село Арачиново. Самата близина на село Мојанци, конфигурација на теренот, се услов за изградба и поврзување во заедничка канализациона мрежа со с. Арачиново. Од општина Арачиново добиен е: Основен проект - Фекална канализацијаза село Арачиново-примарна мрежа, израработен од ТУРБОИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ -Скопје. Во овој проект е планирана. примарна фекална канализациона мрежа за с. Арачиново и с. Мојанци. Од овај проект се превземени примарните линии на кои се поврзани канализационите линии од горната зона на селото. Со овај проект се планира отпадните канаизациони води да се собираат во пречистителна станица, која е планирана надвор од село Мојанци, односно надвор од планскиот опфат на с. Арачиново, определена со УПС Арачиново, на југ од опфатот во близина на живинарска фарма Белинбегово. Пречистените води од пречистителната станица ќе се испуштаат во природен реципиент-Брњачка Река, која поминува во непосредна близина. Пречистените води од станицата пред

испуштање во природен реципиент задолжително ќе се испитаат со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода, со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, согласно Уредбата за класификација на површинските води („Сл. Весник на РМ" бр. 99/16, 246/18, 276/19 и 256/21).

Фекалните отпадни води се оние кои преку водоснабдување се користат за санитарни потреби и така употребени се испуштаат во канализациониот систем.

Количината на овие отпадни води е во дирекна зависност од нормата за водоснабдување која изнесува: Qo =200л/ден/жител, за с. Мојанци.

а). Отпадна количина на вода

q_{14} = (Nк x Qo x K1 x K2) /14 x 3600
q14 = (3300x200x1.60 x 2) /14 x 3600
q_{14} =41.90лит/сек
каде се:
-Nк - краен број на жители до 2031год. според анализа- **3300 жители**
-Qo- водоснабдителна норма= 200л/ден/жител
-K1 - коефициент на часовна нерамномерност
-K2 - коефициент на дневна нерамномерност

б). Инфилтрирана подземна вода

Се зема по стручна литература 25-30%.
$q_{инф.}$=0.30x41.90л/сек = 12.57 л/сек.

в). Вкупна отпадна фекална вода

$q_{вкуп.} = q_{14} + q_{инф}$
$q_{вкуп.}$ = 41.90 л/сек+12.57 л/сек
$q_{вкуп.}$ =54.47 л/сек.

Со Урбанистички проект за инфраструктура, ќе се направи пресметка на профилите на цевките. Прелиминирно определени се профили за фекална канализација од мин.ф250мм до ф500мм главен колектор. Местоположбата на канализационите цевки е предвидена да биде по осовините на улиците, со длабочина која ќе овозможи нормално опслужување на корисниците, а и влевање во колекторите. За трајно решение на проблемите со одводнувањето на фекални отпадни води треба да се изработат инфраструктурни проекти за канализационата мрежа (Урбанистички проект за инфраструктура), со кои ќе се изработат и предложат технички решенија со сите основни параметри, големини и карактеристики.

Атмосферска канализациска мрежа

Со предметниот Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, се планира изведување на атмосферска мрежа, со која ќе се овозможи целокупната територија од планскиот опфат да се опфати со атмосферска канализациона мрежа. Водното количество со кое ќе се димензионира секој канал ќе зависи од припадната површина и коефициентот на ретардација во колку времето на истекување е поголемо одвремето од усвоениот меродавен дожд.

Q amt. = q x Σ Fxψ xφ
q=160лит/сек-специфичен дебит (меродавен дожд за димезионирање)
ΣF - вкупна површина која се канализира**-295.96ха (плански опфат);**
ψ - коефициент на истекување кој зависи од намена на површина - 0,5
φ - коефициент на ретардација, ќе се пресметува по формула на Биркли

$\varphi = 1/n\sqrt{F}$

каде се:
n - коефициентот зависи од падот на теренот n = 4
F - површина која се одводнува;
F =295.96ха
φ=0,24

Q атм. =160 x 295.96x 0.5 x0.24=5682.43л/сек

Врз основа на пресметаното количество на отпадна вода ќе се определат профилите на цевките со изработка на проект за инфраструктура. Прелиминарно се определени профили на цевки за атмосферска канализација од мин. ф300мм до ф550мм. Атмосферските води ќе се испуштаат во природен реципиент (река и дол).

Хидротехничка инфраструктура - регулација на површински води

Во планскиот опфат на УПС Мојанци тече Мојанска Река, како природен водотек, на источната граница на планскиот опфат и на мал дел на север од опфатот. Реката со своето корито на делови припаѓа на КО Арачиново, односно во планскиот опфат определен со УПС Арачиново. Со УПС Арачиново регулирано е коритото на Мојанска Река со профил - ширина 12.00м (корито 6.0м. со длабочина 3.50м и заштитен појас од двете страни по 3.0м). Овој профил на коритото на Мојанска Река се задржува и во граница на планскиот опфат на с.Мојанци. Мојанска Река низ планскиот опфат на с. Мојанци, тече на север-259м и на граница на планскиот опфат - на исток-1122м. Во овај дел е задржана регулацијата што е планирана со УПС Арачиново, корито 6.0м и заштитен појас од 2x3.0м. На делови од регулацијата на реката каде има стрмни делови, заштитниот пјас е земен како заштитно зеленило со различна ширина. Во граница на планскиот опфат какао резултат на стрмниот терен се јавуваат повеќе долови, порои, кои повеќе ги има во северниот и централниот дел од опфатот. Со планската документација се врши регулација на доловите, се планира корито со профил од 6.00м. Се планира заштитен појас на коритото од двете страни со мин. 3.00м согласно Одлука бр. 07-370/2 од 11.06.2024год. за определување на крајбрежен појас на водотеци во н.м. Мојанци, опфатени со урбанистичкиот план за КО Мојанци, донесена од Советот на општина Арачиново. Овие регулирани води кои се собираат се носат во природен реципиент- Мојанска Река, на исток од опфатот.

Од АД Водостопанство на РСМ - Скопје, добиени се информаци со бр. 11-2504/4 од 01.11.2021 според кои во предметниот плански опфат немаат нивни објекти и инфраструктура, односно немаат канали за наводнување и др. инфраструктурни објекти кои се во нивна надлежност.

3.4 Електроенергетска инфраструктура и ПТТ инсталации

Електрична енергија треба да се обезбеди до сите потрошувачи, односно објекти кои ќе се изградат на површините опфатени со ова УПС. Со планот планирани се површини со различни намени за кои што е потребно квалитетно, сигурно и непрекинато енергетско снабдување со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Во селото Мојанци и во непосредна близина на планскиот опфат, според добиените податоци од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, има 6 среднонапонски дистрибутивни трафостаници 10/0,4кВ (ТС Мојанци нова, ТС Каменолом, ТС Арачиново 1, ТС Арачиново 4, ТС Арачиново 5, ТС Арачиново 12 и трафостаници кои се во непосредна близина на овој опфат, а се во соседниот опфат на с. Арачиново). Се планира дислокација на две трафостаници: ТС Арачиново 5 - која е на планирана сообраќајница (врска со магистрален пат) и ТС Арачиново 12 која е во блок со намена А1- домување.

Сите трафостаници ќе останат во функција и се дел од планското решение.

За задоволување на новите потреби од електрична енергија, за проширениот плански опфат, зголемен број на жители и домаќинства, за планскиот период од десет години, се планираат нови 19 дистрибутивни трафостаници со УПС Мојанци. Блоковите 12 и 19 се за инсталирање на соларни и фотоволтаични централи за производство на електрична енергија од обновливи извори. Снагите на ТС и нивните микро локации ќе бидат одредени со разработка на планот, со планско-проектна документација согласно важечките законски прописи.

Трафостаниците ќе бидат приклучени на среднонапонската 10(20)кВ мрежа со електрокабли од постојната дистрибутивна мрежа. Приклучната точка ќе биде дефинирана со Решение за согласност за приклучување на електро-дистрибутивна мрежа на овластен дистрибутер на електрична енергија во државата. Во понатамошна разработка на блоковите од урбанистичкиот план, потребно е да се определат градежни парцели со мин. 24м^2 каде ќе бидат поставени трафостаниците, со минимално 2м растојание-зажтитен појас до соседните парцели, согласно член 138 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Сл. Весник на РМ” бр. 191/19).

Нисконапонската дистрибутивна мрежа ќе се разработува со изработка на урбанистички проект, при разработка на УПС Мојанци, а за приклучок на секоја од градежните парцели до градежната линија и тротоар да се предвиди слободна површина од 1м^2 каде ќе може да се постави приклучен/разводен ормар.

Низ дел од планскиот опфат на селото минува среднонапонски далновод 10(20)кВ, во правец с. Орланци и с. Арачиново, за снабдување на периферните трафостаници од кои некои се, а некои не се дел од планскиот опфат како и останатите надземни 10(20)кВ водови што минуваат низ планскиот опфа. За овие среднонапонски водови планиран е заштитен појас

од 2х10м, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Сл. Весник на РМ” бр. 191/19).

Од влезот и излезот на среднонапонскиот воздушен 10(20) КВ и поврзување на останатите трафостаници, кои се во делот на планскиот опфат извршено е 10(20)кВ кабелско поврзување и предвиден е заштитен појас од 2х1м се планира каблирање, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Сл. Весник на РМ” бр. 191/19).

Во планскиот опфат на УПС Мојанци, се планира поголема површина за соларни и фотоволтаични електрани, во блок 12 и блок 19 од опфатот, на површина од 280965.66м^2 (28.10 ха). Согласно апроксимативна пресметка, според која од 1.20ха. може да се добие 1MW електрична енергија, добиваме дека во планскиот опфат на УПС Мојанци, може да се произведат прелиминарно - 23MW. Согласно условите оваа електрична енергија ќе се предаде во дистрибутивната мрежа на ЕВН, под услви што ќе се определат во следна фаза.

4. Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина

4.1 Карактеристики на просторот

Општина Арачиново е општина која се наоѓа во северниот дел на Македонија. Центарот на општината се наоѓа во општина Арачиново и е формирана во 1996 година, која што беше во рамките на општината Гази Баба. Географски се наоѓа на околу 220 метри надморска височина во северозападниот дел на Скопје. Се граничи со општина Гази Баба, Илинден, Куманово и Липково. Општината е составена од четири (4) населени места: Арачиново со 2.250 семејства, Орланце со 140 семејства, Грушино со 180 семејства, Мојанце со 50 семејства. Општината опфаќа вкупно 30км^2 површина (според новата територијална поделба) и се брои како една од најмалите општината по површина во Републикава. Арачиново е густо населена со околу 11992 жители, додека просечната густина е околу 500 жители во 1км^2.

4.1.1 Сообраќајна поврзаност

Низ општината поминува регионалниот пат, кој го поврзува Скопје со општина Куманово и Липково.

4.1.2 Рељефни услови, наклон и експозиција на теренот

Територијата на општина Арачиново се наоѓа меѓу 250 и 750 мнв. Во основа има рамничарска морфологија на теренот што претставува 80% од површината, а со 20% е застапен мал ридест дел во северната и источната област.

4.1.3 Геолошки карактеристики

Од геолошка гледна точка застапени се претежно делувијални почви настанати со ерозија и транспортирање на матичниот субстрат на почвата од повисоките ридски предели со помош на површинските води и водотеци настанати од поројни врнежи. Почвата најчесто е песокливолеста, лесно цедлива, пропустлива, топла и добро аерирана. Содржи низок процент на инертна влажност и е со низок воден капацитет, поради што е подложна на суша. Исто така, застапени се разновидни глини, сивобели лапорци, песоци, слабо врзани песочници, крупно зрнести песоци, глиновити песоци. Просечниот литолошки состав претставува глина со тенки прослојки и млазеви од песокливи и прашнести глини кои се добро збиени и водонепропустливи.

4.1.4 Сеизмолошки карактеристики на теренот

Просторот опфатен со планот изложен е на дејствие на природни стихии од кои треба да се заштити.

Во однос на сеизмика оваа територија спаѓа во подрачјето на сеизмички интензитет од 9 МЦС. Потребно е да се применат одредени мерки и прописи за градба на објектите во подрачјето со зголемена сеизмичност.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти, заради доведување на отпорност против најсилните земјотреси), односно задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапите, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

4.1.5 Хидротехничка структура

Селото Мојанци се наоѓа во водостопанското подрачје Скопје, кое го опфаќа сливот на реката Вардар, од водомерниот профил Радуша до вливот на реката Пчиња. На ова ВП припаѓаат и сливовите на притоките Маркова Река, Кадина Река, Лепенец и Серава.

4.1.6 Климатски и микроклиматски услови на регионот

Климата е субтропска со карактеристични топли и суви лета и влажни и понекогаш остри зими. Средната годишна температура на воздухот изнесува 12,5°C. Апсолутната максимална температура изнесува 41,5°C, а апсолутниот минимум изнесува минус 25,6°C. Во летните месеци средниот месечен максимум изнесува 30,9°C, а дневниот 35,8°C. Минимални температури се регистрираат во јануари со средно месечен просек од +0,2°C и среден месечен минимум од минус 3,4°C.

Висината на атмосферските врнежи се движи околу 500 мм годишно, а средно годишната релативна влажност на воздухот изнесува 70%. Врнежите, главно, се застапени со дожд, додека снежната покривка се задржува просечно 25 дена во годината. Има просечно 63 дена со магла, а годишната инсолација изнесува просечно 2.102 сончеви часови.

Ветрови се јавуваат од сите правци и меѓуправци, а преовладува Вардарецот кој дува од северозападен правец. Средната брзина на ветерот е скоро иста во сите правци и се движи од 6 до 8 м/сек, а максималната брзина е измерена од североисточен правец и изнесува 23 м/сек.

4.1.7 Население

Според последниот Попис на населението од 2021 година во општина Арачиново живеат вкупно 12676 жители. Речиси подеднаква е застапеноста на населението во поглед на половата структура.

4.1.8 Стопанство

Концептот на планиран стопански развој утврден со Просторниот план на Република Македонија ќе се реализира со изработка на просторни и урбанистички планови од регионално и локално ниво кои ќе се темелат на основните услови и претпоставки за остварување на целите и определбите поставени во областа на развојот и разместеноста на стопанските дејности.

Стопанството на Републиката, а следователно и стопанството на поодделните општини, со оглед на ограничената сопствена акумулација и потребата за поинтензивен стопански развој и менување на неповолната стопанска структура и натаму ќе биде упатено на користење на дополнителна акумулација од странство.

Со Просторниот план на Република Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за анализираниот простор за стопанската зона е т.н. развојна оска Север-Југ која минува по средината на територијата на земјата. Таа го следи Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата Светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

Од нестопанските дејности во општината постои: здравствена станица, основно училиште, детска градинка, и др.

4.1.9 Енергетски извори и енергетска структура

Од аспект на енергетиката и енергетската инфраструктура со Просторниот план на Република Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електро енергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да претставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Аминдео), Косово (Косово-Б) и Бугарија (Црвена

Могила), а во план е градбата на водови кон Србија и Албанија. Во овој регион минува 400 kV водот Штип-Црвена Могила.

4.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат

Основен предуслов за идентификација на проблемите со животната средина и поставување на стратешки цели за надминување и унапредување на истите е идентификацијата и оцената на сегашната состојба со медиуми на животната средина (воздух, вода, отпад, почва, биодиверзитет, бучава), како и со користењето на земјиштето и природните ресурси во општината. Стратегиската оцена овозможува на кој начин и со каков интензитет целите на планскиот документ влијаат врз целите на СОЖС, со цел да се предвидат мерки за спречување, намалување или одбегнување на влијанијата и да се предложи план за мониторинг на индикаторите за секоја цел на СОЖС (точка 9).

Со оглед на тоа што во планираниот простор до сега не се вршени мерења, следења и истражувања на основните витални компоненти воздухот, водата, тлото, бучавата и тврдиот отпадок, пореметувањата во екосистемот во целост не можат да се откријат, а оценката за состојбите произлегува исклучиво од дејстувањето на човекот и неговите активности во овој простор.

4.2.1 Воздух

Согласно Директивите на Европската Унија, загадувањето е непосредно или посредно внесување, како резултат на човековите дејствија, на материи, вибрации, топлина или бучава во воздухот, водата или во почвата, кои што можат да бидат штетни по човековото здравје или по квалитетот на животната средина, од кои што може да произлезе штета по материјалниот имот или кои што ги нарушуваат или влијаат врз природните убавини и другите легитимни начини на користење на животната средина.

Квалитетот на воздухот е еден од поважните чинители на кои треба да се внимава при планирање на просторот заради спречување на деградација на истиот со имплементација на планскиот документ.

Местоположбата на општина Арачиново, нејзината поставеност и влијанието на континенталната клима, како и непостоењето на индустриски загадувачки капацитети кои би го загадувале воздухот овозможуваат да се претпостави дека по однос на квалитетот на воздухот претставува релативно чиста средина.

Опасноста доаѓа од загаденоста на Градот Скопје, која е особено видлива во текот на зимскиот период (појава на магла и смог), а која во некои поволни ситуации знае да допре до општината преку течението на реката Вардар. Најголеми отстапувања во однос на максимално дозволените концентрации има во зимскиот период од зголемената концентрација на сообраќај и затоплувањето на домовите. Во општината Арачиново 90% од населението се затоплува со дрва, така да очекувано е зголемувањето на

концентрациите на јаглерод моноксид како последица на непотполно и несоодветно согорување.

Загадувањето на воздухот од сообраќајот е резултат на користењето на течни енергенси при чие согорување се емитираат: азотни оксиди, сулфур диоксид, јаглероден моноксид, јаглероден двооксид, прашина, алдехиди, олово и органски киселини. Нивото на емисиите во воздухот од мобилните извори не зависи само од степенот на активност, туку постои и директна поврзаност со квалитетот на горивата што се користат, како и старосната структура на возниот парк. Сепак, загадувањето на воздухот од сообраќајот не претставува сериозен проблем во руралните средини.

Согледувајќи ги проблемите во општина Арачиново како приоритетни проблеми кои негативно влијаат врз животната средина се следните:

1. Недостаток на сеопфатни и сигурни податоци за емисиите на загадувачки супстанци на локално ниво (индустрија, мобилни извори);
2. Употреба на горива со чие согорување се емитираат загадувачки супстанци во воздухот, особено кај домашните ложишта;
3. Застарен возен парк и користење на оловен бензин;
4. Недостаток на планови и програми за намалување на загадувањето на воздухот и унапредување на квалитетот на амбиентниот воздух на локално ниво.

4.2.2 Вода

Колку водите во одреден простор може да се сметаат за воден ресурс зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како ресурс ја има многу помалку од присутните води што треба да се има секогаш во предвид при планирањето за нејзино искористување.

За подмирување на потребите на вода најзначајни се површинските води, бидејќи тие се најраспространети, најблиски се до местата на човековата активност, обезбедуваат живот и развој на екосистемот.

Издашноста на подземните води зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради посебниот квалитет се значајни и може да бидат корисни за покривање на потребите од вода.

На целата територија на општина Арачиново, во населените места, нема изградено канализационен систем за зафаќање и одведување на фекалните и атмосферските отпадни води, а проблемот со отпадните води кај домаќинствата и стопанските субјекти е решаван индивидуално.

Сето ова претставува сериозен извор на загадување на животната средина, особено на почвата и подземјето и оформува жаришта на најразлични заразни заболувања.

4.2.3 Отпад

Комунален отпад претставува секаков вид на отпад што се продуцира од домаќинствата, јавните и економските установи и претпријатија и институциите на една урбана средина. Отпадот што се продуцира од индустријата, земјоделието и рударството, како и патогените остатоци од изумрени животни не спаѓаат во овој вид на отпад.

Во минатото, отпадот што го создавал човекот од задоволувањето на своите животни потреби бил во количини и облик што природата била способна сама да го разгради до облик на изворна материја, со што се воспоставила рамнотежа помеѓу човекот и неговата околина. Меѓутоа, во поново време на интензивен индустриско технолошки развој од една страна и демографската експлозија и преголема густина во населеност од друга, сведоци сме на суперпродукција на цврст отпад во количини и облик кој природата неможе самостојно да го разгради со што се нарушува рамнотежата помеѓу човекот и неговата животна околина. Цврстиот отпад се повеќе ги освојува земјените површини, ја загадува почвата, воздухот и површинските и подземните води.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад се врши со специјални возила за таа цел. Јавното комунално претпријатие врши услуга на собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад на територија на општина Арачиново. Депонирањето на комуналниот отпад и други видови на неопасен отпад се врши во локалната депонија Дрисла.

Не постои локална мрежа за следење и управување со неопасен отпад. Од параметрите за отпадот се следат само параметрите: количество создаден отпад и колкичество отстранет отпад.

Присуството на отпадот и постапувањето со него продуцира негативни ефекти врз квалитетот на животната средина, особено врз квалитетот на воздухот, земјиштето, водите, живиот свет а преку нив и врз здравјето на луѓето и вкупниот квалитет на животот. Од дивите депонии и незаштитените депонии се разнесуваат поситни делови од отпадот, прашина и непријатна миризба, а горењето на отпадот во дивите депонии продуцира чад со штетни продукти на согорување, а во воздухот постојано се ослободува депониски гас (метан).

4.2.4 Почва

Во досегашните истражувања на процесите на девастација на животниот простор, на земјиштето не му е посветено адекватно внимание. Интензивирањето на процесите на индустријализација и урбанизација, кои имаат стихиен карактер, зафатија значителен фонд од обработливите површини како резултат на потребата на луѓето за отварање на мали и средни индустриски комплекси на територијата на општина Арачиново.

Примената на агрохемикалии во процесот на земјоделското и шумското производство, превозот на отровни материи за разни цели, депонирањето на отровни отпадни материи и влијанието на загадениот воздух

и загадените води што се применуваат за наводнување, имаат негативно влијание врз хемискиот состав на почвата, односно нејзините еколошки и економски вредности. Имено, хемиското загадување на земјиштето има реперкусии врз квалитетот и продуктивноста на почвата, квалитетот и квантитетот на земјоделското производство и индиректно врз квалитетот на водите и воздухот.

Како резултат на досегашниот начин на користење на земјиштето, денес има појава на изразита длабинска и површинска ерозија, и тоа на целиот слив на р. Вардар.

4.2.5 Бучава

Во овој регион изворите на создавање на бучава не се од таков вид да овој проблем во животната средина претставува значителна закана за здравјето на луѓето.

Бучавата произлегува од урбаните активности и тоа:

- Сообраќај;
- Производни и деловни процеси;
- Бучава од ентериерно потекло (стамбени згради, трговско деловни центри и сл).

Со цел следење на состојбата со бучавата во општината, потребно е воведување на континуирано мерење (мониторинг).

4.3. Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат

Проблемите со животната средина во општина Арачиново и предметниот опфат, беа идентификувани преку анализа на постоечката состојба со животната средина каде се евидентирани клучните проблеми и предложени се мерки во облик на Акционен план за нивно надминување.

Најосетливи елементи на животната средина во предметниот опфат (Елементи на СОЖС)					
Води	Воздух	Отпад	Климатски фактори	Население	Материјални добра

Проблемите со генерирање на отпадот се разгледуваат како влијание врз површинските и подземните води, влијание на загадувањето на почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и создавањето на стаклени гасови (климатски промени).

Врз основа на евидентирање на најосетливите елементи на животната средина во планскиот опфат кои се нарекуваат и елементи на Стратегиска оцена на животната средина (Елементи на СОЖС) се воспоставуваат цели на стратегиска оцена на животна средина (Цели на СОЖС) и се дефинирани можни индикатори за секоја цел.

Во процесот на Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина важно е да се види како, на кој начин, со која јачина и интензитет целите на планскиот документ влијаат врз целите на СОЖС со цел да се предвидат мерки за спречување на влијанијата и да се предложи соодветен план за мониторинг на индикаторите за секоја цел на СОЖС.

На следната табела се прикажани сегашните проблеми со елементите на животната средина:

Елементи на Стратегиската оцена на животна средина	**Проблем**	**Релевантно опфтен проблем**
Воздух	Нарушен квалитет на воздухот од постоење на интензивна емисија од употреба на дрва како агенс за затоплување, зголемен сообраќај Не користење на обновливи извори на енергија	x
Вода	Нарушен квалитет на подземните води од постоење на септички јами Недоволно планирање на промените во намената на земјиштето	x x
Отпад	Постоење на диви депонии	x
Почва	Нарушен квалитет на почвата како резултат за исталожување на аероседименти Деградација на почвите	x x
Предел	Деградирани предели	x
Население	Појава на миграција Невработеност	x x
Климатски фактори	Користење на огревно дрво за затоплување	x
	Не користење на обновливи извори на енергија	x

Сегашните проблеми со елементите на животната средина

5. Состојба без имплементација на планскиот документ

При реализација на Планскиот документ за Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново се разгледува опцијата без да се спроведе планска активност, односно работите да останат во првобитната положба.

Во конкретниов случај доколку овој план не се спроведе, се очекуваат следниве последици:

- Појава на некомпатибилни дејности;
- Земјиштето и понатаму ќе остане земјиште со помала економска вредност;
- Неконтролирана изградба на бесправни објекти;
- Нарушување на квалитетот на медиумите во животната средина;
- Интензивно загадување со отпадни материи (цврст, комунален и други видови отпад) и постоење на диви депонии;
- Интензивно загадување на подземните води и почвата;
- Намалени приходи во општинскиот буџет;
- Отсуство на финансиски инвестирања што би се довело до слаб економски развој на стопанството;
- Пораст на миграција;
- Намален животен стандард;
- Нереализацијата на планскиот опфат ќе се испушти можноста за економски-одржлив развој.

6. Алтернативи и чинители за избор на алтернатива

Реализацијата на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново е од особено значење за реализирање наменски содржини и функционална операционализација за развој на планскиот опфат и општината.

Од особено значење за изготвување на Стратегиската оцена, а воедно и стандардна постапка е да се изанализира варијантата, односно опцијата од неспроведување на планското решение со што состојбата би останала во првобитната состојба. Во тој случај се очекува дека фактичката состојба на теренот воопшто нема да се промени и економската пасивност ќе продолжи.

Овие аспекти се земаат со цел да се изнајде најповолното решение кое ќе придонесе за заштитата на животната средина и здравјето на човекот. За овој плански опфат не се разгледувани алтернативни решенија за друга намена.

Во случај на нереализирање на планскиот опфат се очекува да:

- Социјално-економскиот статус на населението ќе иницира поголема стагнација;
- Продолжување на трендот миграција;
- Невработеноста нема да се намали;
- Намалување на вредноста на земјиштето;
- Узурпација на просторот со дивоградби и други непланski и некомпатибилни содржини;
- Непланско и неорганизирано уредување на просторот со што негативно ќе се одрази врз медиумите во животната средина;
- Искористување на слободни земјоделски површини.

Во случај на реализирање на планскиот опфат се очекуваат неколку позитивни аспекти:

- Поволна географска положба;
- Добри микроклиматски услови;
- Одлична диспозиција во однос на сообраќајната поврзаност;
- Обезбедување на нови вработувања;
- Зајакнување на можностите за одржлив економски и социјален развој на регионот;
- Запирање на економската миграција;
- Развој на локалната самоуправа преку плаќање на даноци, комуналии и други давачки;
- Зголемување на вредноста на земјиштето.

Со предвидените содржини ќе овозможи остварување на функции со директни или индиректни економски ефекти. Согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија, идниот развој и разместеноста на намените во планскиот опфат на просторот за кој се наменети Условите за планирање, треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на евентуалните влијанија врз животната и работна средина.

Со реализација на овој план се овозможува локацијата да прерасне како единствена просторна и функционална целина која ќе даде голем допринос за развојот на локалната и национална економија, истовремено имајќи го за цел анимирањето на интересот на разни инвеститори за реализација на предложената програма за развој како ориентација во актуелните економски тенденции на државата.

7. Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина

Појавите кои како претпоставка може да се јават од имплементацијата на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, може да се анализираат од негативен и позитивен аспект. Извештајот за Стратегиска оцена ги зема во предвид влијанијата врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето како и влијанијата врз социо-економските можности во општина Арачиново.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина не ги анализира поединечните развојни проекти, туку влијанијата врз медиумите на животната средина од глобален аспект. Значи, со извештајот се прави само проценка на можните негативни влијанија врз животната средина, додека во подоцнежните фази, преку Студиите за оцена на влијание врз животната средина или Елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска на основа на укажаните ризици се прават детални анализи и препораки.

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Влијание врз демографскиот фактор

Реализацијата на предвидените содржини од планскиот опфат не само што ќе ја запре економската миграцијата на локалното население туку и ќе претставува позитивен стимул за демографскиот развој. Исто така, ќе има позитивни влијанија на долгорочна основа и на зголемување на наталитетот, како уште еден позитивен елемент на демографскиот развој. Ова од причина што инвестиционите вложувања за реализација на оваа планска содржина ќе значат зголемување на животниот стандард и квалитетот на живеењето.

Влијание врз човековото здравје

Заради намената на објектите не се очекува истите да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на локалното население. Во однос на влијанието врз човековото здравје не се очекуваат влијанија имајќи ја, пред се во предвид намената. Можни влијанија би имало при евентуална нова изградба во опфатот, но тоа ќе биде само во период на изградбата за што ќе се предвидат посебни мерки во понатамошните документи за влијание врз животната средина.

Со имплементацијата на планот може да се предизвикаат незначителни влијанија врз здравјето на луѓето (бучава и вибрации).

Емисијата на прашина и издувни гасови од моторните возила може да се покачат поради евентуално изведување на градежни активности.

Обезбедувањето на парковско и заштитно зеленило и останато хортиклултурно уредување на просторот ќе биде во функција на подобрување на здравјето на луѓето.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз човековото здравје ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина од различни аспекти на медиумите на животната средина што е и законска обврска.

Влијание врз социо-економската состојба

Имплементацијата на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново ќе има позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот, подобрување на начинот на живеење.

Влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух

Со Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново не се очекуваат особени влијанија врз амбиентниот воздух.

Одредени краткорочни влијанија врз квалитетот на воздухот се очекуваат и во време на градбата-изведбата на земјени и градежни работи за нови објекти и нови инфраструктури, при што се очекува појава на прашина, како фугитивна емисија на најситни честички на прашина и песок. Треба да се напомене дека во рамките на планскиот опфат се очекува зголемена фреквенција на возила, но не се очекува дека тоа ќе биде дополнително нарушување на квалитетот на амбиенталниот воздух.

Евентуалните влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух ќе бидат детално анализирани при изработката на студиите за оценка за влијанието врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

Влијание врз климатски промени

Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатски промени.

Влијание предизвикано од зголемена бучава

Во фаза на имплементација на планираните активности за инфраструктурно опремување на планскиот опфат и изградба на инфраструктурната мрежа може да се очекува зголемена бучава. Како извори на бучава ќе се јави градежната механизација при евентуална изведба на некој инфраструктурен проект или градба.

На опфатот во оваа фаза не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Доколку при имплементација на планскиот опфат се применат мерките дефинирани согласно Стратегиската оцена на влијанијата врз животната средина од секоја посебна активност ќе се намалат очекуваните ефекти од зголемена бучава и ќе се сведат на дозволените нивоа, во согласност со Законот за бучава.

Влијание од вибрации

При изведба на градежни активности може да се очекуваат вибрации, но тоа ќе бидат со со ограничен интензитет и времетраење.

Влијание врз квалитетот на водите

Во текот на конструктивната фаза можно е да дојде до ерозија на теренот поради работата на градежната механизација при изградбата на пристапните патишта, инфраструктурата како и при отстранување на вегетацијата. При работењето на градежната механизација може да дојде до истекување на масла и нафта која што може да доведе до загадување на површинските и подземните води.

Нарушувањето на квалитетот на водите може да биде резултат и од неправилно управување со отпад.

Поцелосна анализа од сите аспекти на влијанијата од врз квалитетот на површинските и подземните води ќе бидат предмет на посебни Студии или Елаборати согласно Законот.

Влијание врз почвата

Евентуалните влијанија врз почвата може да произлезат од несоодветна имплементација на проектот, генерираниот отпад, издувните гасови од превозните средства и сл.

Значајни влијанија врз почвата не се очекуваат, бидејќи во Планот за изградба се предвидени мерки и решенија за комуналната инфраструктурна мрежа, управување со отпадните води и отпадот кој ќе се генерира во комплексот. Влијанија врз почвата исто така, се очекуваат при активностите околу расчистување на теренот со вегетација.

Евентуални влијанија врз почвата може да се очекуваат во случај на несоодветно управување и ракување со отпадните масла и отпадните води. Во планската документација се предвидени активности за правилно управување со отпадните води.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз квалитетот на почвата ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

Влијание врз пределот

Имплементацијата на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново не се очекуваат негативни влијанија врз пределот.

Имплементацијата на планот ќе има позитивно влијание на пределот, пред се, од причина што делува како една осмислена урбана целина во која покрај објектите треба да се предвидат и зелени површини со хортикултурно уредување и други за таа цел и функција плански содржини.

Влијание врз културното наследство

Културното наследство на регионот е симбиоза на непроценливи материјални и духовни вредности во една урбанистичко-архитектонска целина сочинувајќи нераскинливо единство на традиционални и уметнички вредности и книжевни, документациони фондови, почнувајќи од праисторијата до денес.

Доколку при реализација на земјаните активности на терен се наиде на археолошко наоѓалиште, треба да се постапи согласно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна)

Во современото планирање на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина. Заштитата на природата ја опфаќа заштитата на биолошката и пределската разновидност и заштитата на природното наследство.

Може да се констатира дека на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, нема евидентирано природно наследство.

Влијание врз материјалните добра

Имплементацијата на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, ќе ја зголеми економската вредност на земјиштето и ќе стане простор за урбан развој.

Влијание по однос на генерирање на отпад

Кога се работи за проблемот на загадување на животната средина неизбежен е податокот дека цврстиот комунален отпад претставува директен загадувач на животната средина и затоа треба да му се даде едно од приоритетните места за негово решавање. Со правилен пристап и изнаоѓање на соодветни технички решенија за собирање, изнесување и третирање на цврстиот комунален отпад ќе се подобрат општите услови за живеење, истовремено директно ќе влијае на заштитата на животната средина.

Еколошките проблеми кои се наметнати од несоодветното третирање на отпадот се од висок ризик бидејќи влијаат врз самото население посебно врз младата популација, нивното здравје, животната средина и општиот прогрес.

Се препорачува сите овие активности да бидат опфатени со изработката на студиите или елаборатите согласно Законот.

При реализација на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, за очекување е генерерирање на градежен и земјен отпад. Со планскиот документ предвидено е отпадот при градбата на новите објекти и инфраструктура соодветно да се собира и превзема, а дел од него да се искористи во тампонирање на пристапните делови и покривање на ископите.

Примарната селекција на отпадот треба да се предвиди како континуирана активност по пуштањето во функција локалитетот.

Се препорачува сите овие активности да бидат опфатени со изработката на Студиите или Елаборатите согласно Законот.

Влијание од несреќи и хаварии

Можни несреќи и хаварии кои би настанале од имплементацијата на овој плански опфат е појава на пожар, елементарни непогоди и други хаварии. Во планскиот опфат се разработени мерки за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

Како можни предизвикувачи на несреќи и хаварии во планскиот опфат се транспортот на горивата, нивното преточување и складирање.

За успешно функционирање на заштитата од несреќи и хаварии предвидени се мерки за заштита од пожари, односно сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од пропишаниот со што ќе се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита на пожар.

Детална анализа на овие влијанија ќе биде со Студиите или Елаборатите согласно Законот и се обврска да се изготват во подоцнежните фази на реализација на секоја поодделно од инвестициите.

8. Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на Република Македонија (член 8) и е регулирана со Законот за животна средина, како и останатите закони и подзаконски акти кои се наведени во овој Извештај. Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план на Република Македонија, Националниот Еколошки Акционен План, секторски студии за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација, а кои е потребно да се испочитуваат во текот на подготовката на планската документација.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот;
- Озеленување на дворните површини;
- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Соодветен третман на отпадните води;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Доследно спроведување на планот.

Во поглед на озеленувањето да се планираат соодветни профили на дрвореди покрај сообраќајниците и објектите за да го спречат негативното влијание на квалитетот на животната средина. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Диспозицијата на високите дрвја да биде усогласена со трасите на подземните инсталации, додека изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите во работната и животната средина, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување. Согласно Законот за урбано зеленило, процентуалната застапеност на зелената површина да се дефинира со Правилникот за стандард ии нормативи за урбанистичко планирање зависно од локацијата, намената и големината на градежната парцела.

За да се заштита на површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно спроведување на принципот на заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем;
- Изградба на пречистителна станица и испуштање на отпадните води во најблискиот реципиент од како нивниот квалитет ќе биде доведен во

согласност со Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз демографскиот фактор***

Имплементацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на демографскиот развој и затоа не се предвидуваат мерки за заштита.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз човековото здравје***

Интегралната реализација на предложените мерки во сите фази на инвестициониот циклус е во насока на намалување на можните негативни влијанија врз животната средина кои може на директен или индиректен начин да се рефлектираат врз здравјето на луѓето. Цврстиот отпад што би се јавил во рамките на планираниот опфат е потенцијална опасност. Затоа се предлага (интегрирано управување), организирано собирање и транспортирање до местото наменето за отпад. Канализационата отпадна вода и отпадните води потребно е да се третираат пред испуштање во реципиент.

Доследното спроведување на планските решенија, ќе доведе до директна заштита на човековото здравје. Примената на сите мерки ќе овозможи елиминирање на евентуалните негативни влијанија врз животната средина кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на човекот.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз социо-економската состојба***

Реализацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на социо-економската состојба на населението преку отварање на нови работни места, ќе го подобри квалитетот на живеењето и ќе го зголеми стандардот на населението. Со планираните намени ќе се зголеми економскиот раст и ќе се намали бројот на невработени во регионот.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух***

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, и неопходно е при проектирање и реализација на сите објекти да се применат и имплементираат современи технологии и најдобри достапни техники кои го заштитуваат воздухот од загадување.

При проектирање и реализација на планот потребно е да се применат современи технологии кои го заштитуваат воздухот од загадување. Објектите од аспект на еколошка заштита не смеат да ја нарушат постојната еколошка рамнотежа и истите е потребно да бидат изведени согласно сите стандарди и нормативи од ваков вид.

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата. Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето на објектите, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата УПС се предлагаат следните мерки:

- На самите локации да се предвиди формирање на појаси со заштитно зеленило, ниско и средно, со долг вегетациски период се со цел нивно функционално развивање како и додатно намалување на аерозагадувањето;
- При планирањето и изградбата на новите објекти приоритет да се дава на најдобро достапните техники и инсталации;
- Избегнување на користењето на фосилните горива како енергетски ресурс;
- Користење на електрична енергија како енергенс за затоплување при што нема да има никакви загадувачки емисии;
- Мониторинг на емисии на загадувачки материи во воздухот;
- За подобрување на квалитетот на воздухот на самиот опфат, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз климатските промени***

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот на микро план и поширокиот регион или климатски промени. Затоа не се препорачуваат мерки.

- ***Мерки за заштита од бучава***

Во овој регион, изворите на создавање на бучава не се од таков вид да овој проблем во животната средина претставува значителна закана за здравјето на луѓето, односно и покрај недоволната опфатеност со мониторинг на бучава, се смета дека бучавата не ги надминува дозволените стандарди.

На самиот опфат не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Прашањето за намалување на проблемите со бучава треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси и формирање на хортиклултурни насади во опфатот. Во функција на заштита од бучава да се предвиди зелен заштитен појас покрај сообраќајниците.

- Мерки за намлување на влијанијата од вибрации

Имплементацијата на планската документација нема да предизвика значителни вибрации поради што нема да се воведат некои посебни мерки.

- Мерки за намалување на влијанијата врз почвата

За намалување на влијанијата врз почвата се предлагаат следните елементи:

- Пред започнувањето на секој градежен зафат на планскиот опфат инвеститорот да го организира собирањето на градежниот отпад, негово депонирање или искористување во инвестиционите активности;
- Интегрално управување со комуналниот отпад и негова селекција;
- Поставување контејнери спрема видот на отпадот на соодветни бетонски површини;
- Потенцијално замастените води во кругот на работните зони, кои што имаат манипулативни површини, сообраќајници и паркинзи, преку преливни решетки, со посебен дренажен систем да се спроведат до таложник на сепаратор на масло и масти и после нивен третман да се спроведат во реципиентот;
- Селектирано и организирано депонирање на комуналниот отпад со контролиран транспортен систем во депонија;
- Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади за да не се очекува значајно загадување на почвата.

Со доследно спроведување на законските обврски ќе се спречи било какво загадување на почвата во самиот опфат и надвор од него.

- Мерки за намалување на влијанијата врз флората и фауната

Во планирањето на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина. Заштитата на природата ја опфаќа и заштитата на биолошката разновидност.

Што се однесува до изработката на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново евентуалните влијанија ќе се намалат со формирање на заштитни зелени зони со висока вегетација и хортикултурното уредување на просторот. Заради обезбедување на здрава животна средина ќе бидат организирани објекти согласно прописите, нормите, водите, земјиштето и стандардите кои ќе придонесат за заштита на воздухот, водите, земјиштето и другите елементи на животната средина и природа, со максимална заштита на природните вредности и реткости во планскиот опфат.

Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој

простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

- Мерки за намалување на влијанијата врз пределот

Предвидените активности во планската документација ќе бидат во насока на зачувување и подобрување на естетските потенцијали на пределот. Планската реализација со обезбедување на заштитни појаси со високо и ниско зеленило само ќе го надополни пределот во позитивна смисла. Затоа не се предвидени никакви мерки.

- Мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра

Имплементацијата на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, има позитивно влијание врз материјалните добра и затоа не се препорачуваат мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра.

- Мерки за намалување на влијанијата врз културното наследство

Согласно Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) се уредуваат видовите, категориите, идентификацијата, начинот на ставање под заштита и другите инструменти за заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правата на сопственост на културното наследство во јавен интерес.

Во текот на реализација на предвидените површини од овој план, доколку се наиде на археолошки остатоци заради превземање на заштитни мерки, потребно е да се информираат службите надлежни за заштита на

културно-историското наследство кои ќе пропишат посебни услови и режим за нивна заштита. При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот локалитет со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- Задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработка на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство.

- Мерки за намалување на влијанијата од управување со отпад

Согласно Законот за управување со отпад создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Во случај на истекување на масло од механизацијата на околното земјиште, загадената почва да биде отстранета и соодветно дислоцирана, согласно законските прописи од областа на управувањето со отпадот.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци, определување на пунктови за собирање на отпадот.

- Тврдиот отпад да се собира во контејнери, а потоа комуналното претпријатие да врши евакуација;
- Трајното депонирање или одлагање на отпадот во планираниот опфат или надвор од предвидените садови за одлагање да биде најстрого забрането.

Овие елементи ќе овозможат спречување на загадувањето на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина воопшто.

- Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на површинските и подземните води

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации се однесува на нивна монтажа,

експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во се према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето.

Поврзувањето на канализационата мрежа со предвидената пречистителна станица, како и начинот на третманот со отпадните води, ќе се дефинираат со проектна документација.

За намалување на влијанијата се препорачува:

- Изградба на посебна канализациона мрежа за атмосферски води како и посебна канализациона мрежа за фекална канализација;
- Потенцијалните замастени атмосферски води, во кругот на работните зони, од манипулативните површини, сообраќајници и паркинзи, преку сливните решетки, преку посебни дренажни системи да се спроведат до таложник (сепаратор) на масла и после нивен предтретман да се испуштат канализацијата. Сепараторот да е изведен како армирано-бетонски со две комори, од кои одделувањето на мастите и маслата се врши во првата комора, а пречистените води се прелеваат во втората комора каде се испуштаат во канализационата мрежа;
- Континуирано следење на квалитетот на водите;
- Интегрално управување со комуналниот отпад и негова селекција;
- Неутрализирање на штетните отпадни материи;
- Запазување на целите на животната средина и почитување на поставените стандарди.

- Мерки за намалување на влијанијата од несреќи и хаварии

За намалување на можните влијанија предизвикани од несреќи и хаварии се препорачува имплементација на мерките дадени во планската документација, во фазата на изградба, што ќе овозможат минимизирање на евентуалните појави за несреќи и хаварии во оперативната фаза.

- Мерки за заштита и спасување

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;

- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размериод природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

- Мерки за заштита од пожар

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на градбите, се пропишани согласно Правилник за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл. Весник на РМ" бр. 32/11).

Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со Законот за пожарникарство („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 81/07, 55/13 и 158/14), Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари („Сл. Весник на РМ" бр. 98/05) и Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл. Весник на РМ" бр. 32/11).

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, планскиот опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарна служба. Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари.

- Мерки за заштита од природни катастрофи

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 9° по МЦС.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотрес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла);
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- непречена интервенција;
- штетите да се сведат на минимум;
- брза санација на последиците.

9. План на мерки за мониторинг на животната средина

За изработка на ефективен план за управување, неопходно е најнапред да се спроведе оцена на статусот на сите природни вредности вклучувајќи го и здравјето на човекот. Во следниот чекор се определуваат цели и приоритети за управување. Дали превземените мерки и активности ги даваат посакуваните резултати се утврдува преку континуиран мониторинг. Податоците од мониторингот ќе бидат основа за изработка на следниот план за управување. Според тоа, мониторингот е составен дел од кружниот процес на планирање на управувањето.

Основни цели на планот за мониторинг се:

- Подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард;
- Заштита на животната средина со имплементација на Планот;
- Одржување на постојано ниво на флора и фауна;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на кавалитетот на почвата;
- Минимизирање на отпадот, рециклирање и негова повторна употреба;
- Минимизирање на појави од несреќи и хаварии.

Сепак, тоа најчесто се постигнува низ осмислени научни истражувања чија главна цел е да ги опишат процесите на екосистемите вклучувајќи ги и законите кои влијаат врз нив.

Еколошкиот мониторинг се однесува на последователни мерења во екосистемите со главна цел определување на трендови во компонентите, процесите или функциите.

Со секој предлог мерки за заштитата на животната средина потребно е да се изготви план за мониторинг на предложените мерки и мониторинг на животната средина. Во современото планирање на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Што се однесува до изработката на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, особено треба да се има во предвид близината на обработуваниот простор. Доколку при изработка на УПС и уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои може да бидат загрозени потребно е да се преземат мерки за заштита согласно Законот.

Планот на мониторинг предвидува следење на следните параметри во животната средина:

- Следење на квалитетот и квантитетот на водите;
- Следење на квалитетот на водите;
- Следење на квалитетот на почвата;
- Следење на бучавата.

Со овој план ќе се овозможи:

- Потврда дека договорените услови при одобрување на проектот се соодветно спроведени;
- Управување со непредвидени влијанија и промени;
- Потврда дека влијанијата врз медиумите на животната средина се во рамките на предвидени или дозволени гранични вредности;
- Потврда дека со примена на мерките се врши заштита на животната средина, односно намалување на негативните влијанија.

10. Нетехничко резиме

Во извештајот за Стратегиската оцена за животна средина се земени се детали од планот, програмите и стратегиите, како и информациите кои се утврдени при изготвувањето, а се од особено значење за можните влијанија за животната средина.

Извештајот на овој плански документ ги опфаќа податоците за:

- Постојната состојба на планскиот опфат;
- Потенцијалните влијанија врз населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, почвата, воздухот, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство и др.
- Мерките за заштита и намалување на влијанијата;
- Краток преглед за причините врз основа на кој се одвиваат алтернативите;
- Состојбата на животната средина без имплементацијата на планот;
- Планот за мониторинг на животната средина.

Селото Мојанци се наоѓа северно од населено место Арачиново на надморска височина од 290 - 770 мнв.

Село Мојанци сообраќајно се поврзува со поширокото опкружување преку регионалниот пат Р1104 Скопје (врска со А2-обиколница Скопје) - Арачиново-Куманово (врска со А1) граница со Србија (ГП Сопот). Овој регионален пат го тангира планскиот опфат на југ, односно регионалниот пат е транзитна улица заедничка за село Мојанци и за село Арачиново, во должина од околу 550м.

Во селото, според последниот Попис од 2021 година, во селото Мојанци живеат 2912 жители, по националност Албанци. Селото има земјоделска и полјоделска функција. Во селото функционира основно училиште, верски институции и индустриски објекти.

Урбанистичкиот план за село Мојанци како основна цел ги предвидува насоките за идниот просторен развој со создавање на услови за планирани организирани простори и одредување на наменски зони со компатибилни класи на намени на основната класа на намена, дефинирани оптимални решенија и водови на системот за организирање на основните функции, и тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничувања како и создадениот материјален фонд, преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни решенија.

Урбанистичкиот план за село претставува основен развоен документ и има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот,
- оформување препознатлива амбиентална целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и надградување на пејсажните вредности,
- оформување културен пејзаж,

- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,

да ги утврди параметрите и насоките за изработка на соодветна Урбанистичко-Планска и Проектна документација од пониско ниво, согласно важечката законска регулатива, кои ќе се изработуваат согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24 и 171/24), како и да ги пропише општите и посебни услови за градење, преку параметри, кои се потребни за изработување соодветна понатамошна проектна документација за изградба.

Предмет на изработка на Урбанистичкиот план за село Мојанци претставува планскиот опфат кој зафаќа површина од П=296.00 ха.

Селото Мојанци се протега во северозападниот дел на големата Скопска котлина, а со дел на граница на јужните падини на Скопска Црна Гора. Според географската положба Скопската Котлина е пространа котлина која се наоѓа во северниот дел на Македонија. Претставува длабока и спуштена потонатина по должината на раседните линии и целосно влегува во составот на Вардарската тектонска зона. Заградена и опкружена е со високи планини од сите страни. Селото Мојанци се протега помеѓу градските центри на југозапад Скопје (на 13км) и североисток Куманово (на 20км). Катастарската општина Мојанци се граничи на југ со КО Арачиниво, на исток со КО Арачиново и КО Орланци, на запад со КО Брнарци и КО Страчинци, на север-североисток со КО Никуштак. Планскиот опфат на село Мојанци се протега на ридско-планински терен, со пад во правец север-југ, на надморска висина од 290-770 мнв.

Границата на планскиот опфат е следната:

- На север е дефинирана по источната граница на КП 265/1, по јужнатаграница на КП 259, КП 258, КП 257, по источната гранца на КП 868, поисточната граница на КП 3 и по јужната граница на КП 31;
- На исток е дефинирана по западна граница на КП 863, КП 160, КП 162, КП 171, КП 172, КП 173, КП 184, КП 185, КП 122, КП 115, КП 114, КП 589, КП 588, КП 587, КП 586, КП 584, КП 627, КП 633/2, КП 633/1,КП 632, КП 655, КП 654, КП 672, КП 671, КП 890, северна граница на КП 185, јужна граница на КП 583, КП, 582, КП 580, КП 578, КП 596 и КП 144.
- На југ е дефинирана по источната граница на КП 938, северна источната граница на КП 1626, западната граница на КП 822/1, КП 821, КП 819, КП 818, северната граница на КП 818, КП 817, КП 816/2, КП

816/3, КП 1629, КП 435/4, КП 434/1, КП 431/1, КП 430/1, КП 424/14, КП 423/5, КП 423/4, КП423/2, КП 422/1, источната граница на КП 422/1, КП 421/2, јужна источната граница на КП 420 и северната граница на КП 1616/1 која е од регионален пат Р 1104 (Скопје - врска со А2 - обиколница Скопје - Арачиново - Куманово - врска со А1 - граница со Р. Србија - ГП Сопот);

- На запад е дефинирана по источната граница на КП 265/1, КП 878, КП 277/1, КП 15/1, КП 937, КП 17, КП 938 и јужната граница на КП 933.

Планскиот опфат ги тангира границите на Урбанистички план за село Арачиново одобрен со Одлука бр. 07-85/1 од 05.04.2016 год. кој ги опфаќа сообраќајниот профил на магистрална улица низ населено место - село (Р1104 Скопје - Арачиново - Куманово) во дел од јужната граница на опфатот и регулацијата на Мојанската река во источната граница на опфатот.

Во близина на предметниот плански опфат на село Мојанци, на југозападната граница е село Брњарци, за кое село има изработено Општ акт кој е одобрен со Одлука бр. 07-3656/40 од 30.09.2014 год.

Предметниот плански опфат се наоѓа на територијата на катастарската општина Мојанци и согласно дописот од Министерство за култура - Управа за заштита на културно наследство бр. 17-1501/2 од 19.07.2021 год. во границите на планскиот опфат не постои регистрирано културно наследство, односно заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Од Државен завод за статистика добиени се податоците од Попис 2021, со допис: Одговорот на барање за податоци, бр. 32-1758/2 од 18.11.2022 год. од Државниот завод за статистика на РСМ. Според податоците од Попис 2021 с. Мојанци има:

село Мојанци	Вкупно Население	Домаќинства	Станови (сите видови живеалишта)	Број на жители по домаќинство
попис 2021	2912	578	588	5.04

**Извор: Државен завод за статистика (Попис 2021год.)*

Во селото Мојанци, просечна големина на едно домаќинство изнесува 5.04 членови, што е поголемо од просечната големина на домаќинства на ниво на Република Северна Македонија која изнесува 3,5 членови (Попис, 2002 год.).

Застапеноста на јавни функции во рамки на селото се јавува како важен индикатор за развиеност на населбата. Анализата на состојбата укажува на задоволителен степен на застапеност на јавни функции, односно во селото има основно училиште и верски објекти.

Во рамките на основното образование постои општинското основно училиште ООУ Џерџ Кастриот Скендербег. Наставата во училиштето се изведува од прво до петто одделение на албански јазик. Во однос на образованието од петто до деветто одделение и средно образование, населението гравитира кон селото Арачиново и градот Скопје.

Во рамки на селото-градби со намена верски институции има две џамии.

Во рамките на планскиот опфат, во село Мојанци не постои амбуланта или друг вид на објект со здравствен или социјален карактер.

Во рамките на планскиот опфат не постојат објекти со класа на намена В3 - Култура.

Во планскиот опфатот предмет на Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, има изградени градби, сообраќајна мрежа, неизградено обработливо земјиште. Доминантна намена е индивидуалното домување, односно домување во станбени куќи. Од наменските употреби на просторот, застапени се:

- А1 - Домување во куќи,
- В1 - Образование -В1.1-Основно образование,
- В5 - Верски институции - В5.2-Џамија.
- Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија; Г2.1 - Лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи - каменолом.
- Г5 - Земјоделско и сточарско производство; Г5.1 - Одгледување на животни,
- Д4 - Меморијални зелени простори и гробишта; Д4.3 -Гробишта.

Од неизградената површина дел од земјиштето е под сообраќајна патна инфраструктура и хидротехничка инфраструктура: Мојанска Река и површински води: долови и порои. Во планскиот опфат зеленилото како чиста зелена површина има многу малку, а во неизграденото земјиште има делови со ниско зеленило, овошни дрва и сл.

Во границите на планскиот опфат на село Мојанци, има изградено градежен фонд (градби за домување) на земјиште со вкупна површина од 823875.33м^2, додека во површината под неизградено земјиште изнесува 1988773.11м^2.

Бруто густина на домување на планскиот опфат КО Мојанци е:
2912 жители/ 296.00 ха (плански опфат) = 9.84ж/ха;
Нето густина на домување: 2912 жители / 82.39ха (домување) = 35.34 ж/ха

Според бруто густината на селото, согласно Правилникот за Урбанистичко планирање, Член 182, („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), село Мојанци припаѓа на средно развиени и разредени тип на села (5-15 ж/ха).

Градбите за домување во село Мојанци припаѓаат на класа на намена А1 - домување во куќи, со спратност: П, П+1, П+1+Пк и П+2. Објектите за домување не се уредени со сопствени градежни парцели, туку се поставени во катастарските парцели според сопственост, со што една поголема катастарска парцела може да се состои од две или повеќе градби за домување. Во планскиот опфат на селото не постои хортикултурно уредено зеленило.

Во рамките на предметниот опфат нема површини и објекти со спортски и рекреативен карактер.

Во село Мојанци постојат површини со намена Д4.3- Гробишта, кои се наоѓаат на КП бр. 312 и КП бр. 474 со вкупна површина од 1.62 ха.

Од Министерство за животна средина и просторно планирање - сектор за природа, добиен е предмет со бр. 11-3601/4 од 28.07.2021 год. со известување

дека предметниот плански опфат се наоѓа надвор од граници на заштитни подрачја утврдени со закон.

Релевантниот регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:

- Р1104 Скопје (врска со А2- обиколница Скопје) - Арачиново-Куманово (врска со А1) граница со Србија (ГП Сопот).

Сообраќајната мрежа во селото Мојанци содржи главно асфалтирана улична мрежа во изграденият дел, но во делови има и земјени пристапни патишта. Вкупната површина на постојната улична мрежа изнесува 48129.94м^2.

Во рамките на планскиот опфат постои една главна асфалтирана улица (само коловоз), со ширина од 3.00м до 4.50м, која го поврзува селото Мојанци со с. Арачиново, во јужниот дел на селото, а завршува на крајниот север на селото, каде постоел стариот дел од селото, а сега има делумно обновени градби.

Водоснабдувањето на с. Мојанци е од водоснабдителен систем изграден за с. Арачиново. Самата територијална и административна поврзаност на с. Мојанци и с. Арачиново, овозможила користење на вода за пиење од систем кој е изграден, за кој Општина Арачиново има доставено - Главен проект за изведена состојба на водоснабдителен систем - Арачиново, изработен е „БИРО ПРОЕКТ-ДОО Скопје. Податоците за изградената водоводна инфраструктура се внесени како постојни податоци добиени од ЈКП Водовод-Арачиново, кои се доставени до Општина Арачиново со допис бр. 08-01 од 31.01.2017 год.

Според Проектот за изведена состојба водоснабдителниот систем се состои од: резервор за ниска зона на кота 314 мнв (на КО Арачиново); главен цевовод за водоснабдување на резервоар-Р1 за средна зона на кота 363 мнв (КО Арачиново); главен цевовод за водоснабдување на резервоар-Р2 за висока зона на кота 437 мнв (КО Мојанци); разводна водоводна мрежа низ с. Мојанци и с. Арачиново.

Резервоарот -Р2 за високата зона е дел од предметниот плански опфат на УПС Мојанци, изграден на дел од КП 647. Водата до овој резервоар се пумпа од резервоар -Р1, кој е на КО Арачиново. На резервоарот -Р2 е поврзана главната водоводна линија со Ф315мм која ги снабдува селата Арачиново и Мојанци со вода за пиење. Од оваа главна линија произлегуваат повеќе краци на водоводни линии со помал профил: ф250, ф160, Ф140, ф63мм. Со планското решение профилите што се помали од ф110мм се предлага да се заменат, согласно законските прописи за заштита од пожар. Во зоните каде не е поставена водоводна инфраструктура населението се снабдува со вода за пиење и домашни потреби од бунари и пумпи.

Во село Мојанци фекална канализација има изведено на дел од планскиот опфат. Оваа канализација што е изведена е дел од канализационата мрежа што е изведена со: Основен проект фекална канализација за село Арачиново - примарна мрежа, изработен од ДООЕЛ Турбоинжинеринг-Скопје. Фекалната канализациона мрежа прикажана во графичкиот дел е превземена од предметниот основен проект, што е доставен

од Општина Арачиново. Профилите на постојната фекална канализациона мрежа се од ф200мм. Во деловите каде нема изведено канализациона мрежа, отпадните води се собираат во септички јами.

Во селото нема изградено атмосферска канализација. Атмосферските води се сливаат по улиците и доловите.

Податоци за постојната преносна и дистрибутивна мрежа добиени се од: АД Мепсо (допис бр. 11-4160/1 од 22.07.2021 год.) и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (допис бр. 10-55/2-301 од 16.07.2021 год.).

Според добиените одговори и податоци во планскиот опфат минуваат:
- 110 кВ далекувод
- Надземна мрежа од 10(20)кВ и 0,4кВ и
- Подземна мрежа од 0,4кВ и 10кВ.

По целата површина на селото изградена е дистрибутивна мрежа од трафостаници и дистрибутивни кабли од различно напонски ниво. Дистрибутивните водови во најголем дел се надземни и се поставени на армирано бетонски и дрвени столбни места.

Во селото изградени се шест среднонапонски дистрибутивни 10(20)/0.4кВ трафостаници.

Податоци за постојната електронско комуникациска мрежа добиени се од: АЕК (допис бр. 1404-2058/2 од 10.07.2021 год.), Македонски Телеком (допис бр. 36872 од 14.07.2021 год.) и А1. Според добиените одговори во проектниот опфат и во нејзина непосредна близина има изградено постојна електронско комуникациска мрежа составена од подземни оптички и бакарни кабли.

Анализата покажува дека на локацијата, односно на планскиот опфат има изграден градежен фонд, има изградена комунална супраструктура, изградена комунална инфраструктура, така да овој Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, предвидува плански концепт кој максимално ќе ги почитува просторните природни и создадени услови и ќе овозможи просторен развој, преку обнова на дел од старата и изградба на нова супра и инфраструктура за многу повисоко ниво на услуги.

Анализата на можностите за просторен развој го условува планирањето кое треба да биде сегментирано и базирано врз:

- приоритети и потреби,
- корелативни повеќе дисциплински меѓусебни условености,
- комплементарност,
- економска исплатливост.

Во дефинирање на планскиот концепт важни се следните критериуми исцрпени од анализата на просторот:

- Дефинирање на сообраќајната мрежа во конкретните рељефни услови за потребите на високо квалитетен флексибилен простор,
- Рационално планирање на земјиштето со утврдување на наменска употреба, која ќе биде максимално флексибилна и адаптабилна за потребите на идните корисници,
- Задоволување на современите норми за живеење и работа во рамките на важечките норми за урбанистичкото планирање,

- Дефинирање на висината на објектите со право и заштита на визурите од секој објект,
- Условување на сообраќајната инфраструктура за безбеден пристап,
- Условување на пешачкото движење во функција на лица со посебни потреби, без бариери,
- Условување на потребите за паркирање да се решаваат во сопствена парцела,
- Задоволување на потребите од енергија (електроенергија како енергент за затоплување) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа,
- Задоволување на потребите од водоснабдување (санитарна и техничка вода за поливање и противпожар) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа,
- Адекватно и рационално прифаќање на отпадните води (фекални и атмосферски одделно) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа,

Анализата на можностите за просторен развој го издвојува следното:

- поврзаност со сите делови на Македонија преку системот на примарната и секундарна сообраќајна мрежа според Просторен план на РМ;
- близината преку регионалниот пат Р1104;
- Можност за поврзување на водоснабдителен систем, можност за обезбедување на техничка вода за наводнување;
- Можноста за поврзување на инфраструктурните водови за снабдување со електроенергија и телекомуникации;

Анализата покажува дека на овој плански опфат е можна реализацијата на Урбанистистичкиот план за село Мојанци, општина Арачиново со целосно почитување и имплементирање на соодветните европски критериуми и стандарди, што значи дека е можна поставка и просторен развој на селото Мојанци.

Село Мојанци и село Арачиново, преставуваат една агломерација на населено место, поделено само со зедничка сообраќајница. Како две населени места функционираат непречено, со многу зеднички јавни објекти: училишта, трговски објекти, верски и сл. Непосредната близина на село Мојанци, до село Арачиново, како административен центар на истоимената општина, ќе биде во позитивна насока во планираниот развој. Просторниот рзвој на селото Мојанци ќе се одвива на север од опфатот на село Арачиново. За просторниот развој на селото ќе се дадат насоки во планската документација, на земјиште исклучиво на катастарска општина Мојанци.

Агрегацијата на просторни податоци, урбанистички параметри и плански одредби во УПС се врши преку ограничени површински единици за планирање на просторот и градежното земјиште. Во УПС за село Мојанци се определени просторни единици за планирање: 20 (дваесет) урбани блока. Урбаниот блок е помала просторна единица на градежното земјиште, која се состои од парцелирано земјиште (повеќе градежни парцели) и земјиште за

општа употреба. Границата на урбаниот блок се совпаѓа со оска на улици, оска на речни корита, како и на делови со граница на плански опфат. Со планското решение на Урбанистичкиот план за село Мојанци, КО Мојанци - Општина Арачиново, со површина на плански опфат 295.96 ха се определени 20 (дваесет) урбани блока, како единици на градежното земјиште со површина помала од 22 ха.

- БЛОК 01-со површина 83231.20м^2 (8.32 ха);
- БЛОК 02-со површина 173520.53м^2 (17.35 ха);
- БЛОК 03-со површина 183623.53м^2 (18.36 ха);
- БЛОК 04-со површина 214511.46м^2 (21.45 ха);
- БЛОК 05-со површина 28843.84м^2 (2.88 ха);
- БЛОК 06-со површина 173130.15м^2 (17.31 ха);
- БЛОК 07-со површина 103425.02м^2 (10.34 ха);
- БЛОК 08-со површина 128598.68м^2 (12.86 ха);
- БЛОК 09-со површина 126466.39м^2 (12.65 ха);
- БЛОК 10-со површина 148471.96м^2 (14.85 ха);
- БЛОК 11-со површина 145940.27м^2 (14.59 ха);
- БЛОК 12-со површина 114946.21м^2 (11.49 ха);
- БЛОК 13-со површина 94879.47м^2 (9.49 ха);
- БЛОК 14-со површина 206998.62м^2 (20.70 ха);
- БЛОК 15-со површина 131526.92м^2 (13.15 ха);
- БЛОК 16-со површина 201268.65м^2 (20.13 ха);
- БЛОК 17-со површина 194533.05м^2 (19.45 ха);
- БЛОК 18-со површина 166259.54м^2 (16.63 ха);
- БЛОК 19-со површина 193447.37м^2 (19.34 ха);
- БЛОК 20-со површина 145972.17м^2 (14.60 ха).

Во планскиот опфат на Урбанистичкиот план за село Мојанци, КО Мојанци, Општина Арачиново, намената на земјиштето се уредува на ниво на наменска зона: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси, зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, инфраструктура. Уредувањето на намената на земјиштето во Урбанистичкиот план за село Мојанци, КО Мојанци, Општина Арачиново, се врши со системот на класи на намени, согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Во планскиот опфат на УПС застапени се следните групи на класи на намена со основните класи на намена:

Група на класи на намена:

- Домување и престој - група на класа на намена -А,
- Деловни и комерцијални намени - група на класа на намена -Б,
- Јавни дејности и институции - група на класа на намена -В,
- Производство, рударство, енергетска и индустрија - група на класа на намена -Г,
- Зеленило, рекреација и меморијални простори - група на класа на намена -Д
- Инфраструктура - група на класа на намена Е.

Групитете на класи на намена се составени од основни класи на намени.

- Група на класа на намена А-домување со основни класи на намена:

- А1 - Домување во куќи,
- А4 - Времен престој.

- Група на класа на намена Б-Комерцијални и деловни намени со основни класи на намена:

- Б3 - Големи единици за угостителска дејност

- Група на класа на намена В- Јавни дејности и институции со основни класи на намена:

- В1 - Образование и наука,
- В2 - Здравство и социјална заштита,
- В3 - Култура,
- В5 - Верски институции,

- Група на класа на намена Г- Рударство, енергетика, индустрија со основни класи на намена:

- Г5 - Земјоделско и сточарско производство.

- Група на класа на намена Д- Зеленило, рекреација и меморијални просторисо основни класи на намена:

- Д1 - Парковско и пејсажно зеленило,
- Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило,
- Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини и
- Д4 - Меморјални зелени простори и гробишта.

- Група на класа на намена Е- инфраструктури со основни класи на намена:

- Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, со оределени повеќе поединечни намени:

- Сообраќајни патни инфраструктури - Е1.1
- Хидротехнички инфраструктури - Е1.4
- Инфраструктура за водоснабдување (Резервоар) - Е1.5
- Канализациски инфраструктури - Е1.6
- Инфраструктури за пренос на електрична енергија - Е1.8
- Телекомуникациски водови - Е1.9
- Површински соларни и фотоволтаични електрани - Е1.13.

Максимална височина на градбите

Височината на градбите е условена од потребата за простор и намената.

- А (Домување)

А1 - Домување во куќи - мах Н=10.20м.
А4 - Времен престој - мах. Н=7.20м

- Б - Комерцијални и деовни намени

Б3 - Големи единици за угостителска дејност - мах. Н=10.00м.

- В - Јавни дејности и институции

В1 - Образование и наука - мах. Н=10.00м.
В2 - Здравствена и социјална заштита - мах. Н=10м.

В3 - Култура - мах. Н=10м.
В5 - Верски институции - мах. Н - ќе се утврдува со проектна документација.

- Г - Рударство, Енергетика, Индустрија

Г5 - земјоделско и сточарско производство -- мах. Н=5м

- Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори

Д1 - Парковско и пејзашно зеленило - мах. Н= /.
Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило - мах. Н= /.
Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини - мах. Н=5м.
Д4- Меморијални зелени простори и гробишта - мах. Н - ќе се утврдува со проектна документација.

- Е - Инфраструктури

Е1 - Сообраќајни, лниски и други инфраструктури - соларни и фотоволтаични електрани - мах. Н=7м.

Височина на градбите треба да соодветствува со програмските потреби, земајќи ги предвид следните ограничувачки фактори:

- Да се почитуваат прописите за заштита и спасување утврдувајќи ја висината во корелација со должината на обрушувањето,
- Да се создадат квалитетни композициски урбанистички решенија,
- Да се овозможи проветрување Ъ аерација на селото,
- Да не се намалува вредноста на земјиштето и вредноста на околните градби,
- Да се овозможи правото на осончување на градбите во зимскиот период најмалку еден час,
- Висините да се утврдат и врз основа на условеноста со планскиот концепт согласно општите и посебни услови да се превземат во проектната документација од пониско ниво,
- Да се почитува стратегијата за одржлив развој (Агенда 21) од ОН.
- За градби за коишто ќе се примени кос кров, како завршеток, максималниот нагиб на кровот не треба да надминува 350.
- Височината на приземје како и максимална височина на нултата плоча во однос на котата од тротоарот за сите градби е условена од намената на градбата и конфигурацијата на теренот и истата ќе се утврди со проектната документација од пониско ниво, но не повеќе од 1,20м.

Максимален број на спратови

Најголемата спратност на градбите од сите видови и намени во село е до три надземни нивои или приземје и два ката, согласно член 184 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Со овој УПС се утврдува бројот на надземни нивои, по намени на површини за:

- А (Домување)

А1 - Домување во куќи -П+2 (3 нивоа)
А4 - Времен престој -П+1 (2 нивоа).

- Б - Комерцијални и деовни намени

Б3 - Големи единици за угостителска дејност - П+1 (2 нивоа).

- В - Јавни дејности и институции

В1 - Образование и наука -П+1 (2 нивоа).
В2 - Здравствена и социјална заштита - П+1 (2 нивоа).
В3 - Култура -П+1 (2 нивоа).
В5 - Верски институции - П (1 ниво).

- Г - Рударство, Енергетика, Индустрија

Г5 - земјоделско и сточарско производство -П (1 ниво).

- Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори

Д1 - Парковско и пејзашно зеленило /.
Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило /.
Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини -П (1 ниво).
Д4 - Меморијални зелени простори и гробишта -П (1 ниво).

- Е - Инфраструктури

Е1 - Сообраќајни, лниски и други инфраструктури
Е1.5 - Инфраструктура за водоснабдување - /.
Е1.13 - Соларни и фотоволтаични електрани -П (1 ниво).

Процент на изграденост

Препорачани максимални проценти на изграденост по класи на намени се за:

- А (Домување)

А1 - Домување во куќи -50%
А4 - Времен престој - 50%

- Б - Комерцијални и деовни намени

Б3 - Големи единици за угостителска дејност - 60%.

- В - Јавни дејности и институции

В1 - Образование и наука -60%.
В2 - Здравствена и социјална заштита - 60%.
В3 - Култура - 50%.
В5 - Верски институции - 50%.

- Г - Рударство, Енергетика, Индустрија

Г5 - земјоделско и сточарско производство -50%

- Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори

Д1 - Парковско и пејзашно зеленило /.
Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило /.
Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини -40%.
Д4 - Меморијални зелени простори и гробишта - 30%

- Е - Инфраструктури

Е1 - Сообраќајни, лниски и други инфраструктури
Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури- плоштад- /
Е1.5 - Инфраструктура за водоснабдување - резервоар- 50%
Е1.13 - Соларни и фотоволтаични електрани -80%.

Коефициент на искористеност

Препорачани максимални коефициенти на искористеност на земјиштето по класи на намени се за:

- А (Домување)

А1 - Домување во куќи -1.5

А4 - Времен престој - 1

- Б - Комерцијални и деовни намени

Б3 - Големи единици за угостителска дејност -1.5

- В - Јавни дејности и институции

В1 - Образование и наука -2.
В2 - Здравствена и социјална заштита - 2
В3 - Култура - 2
В5 - Верски институции - 1.

- Г - Рударство, Енергетика, Индустрија

Г5 - земјоделско и сточарско производство -1

- Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори

Д1 - Парковско и пејзашно зеленило /.
Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило /.
Д3 - Спорт и рекреација на зелени површини -1
Д4 - Меморијални зелени простори и гробишта - 0.5

- Е - Инфраструктури

Е1 - Сообраќајни, лниски и други инфраструктури
Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури- плоштад- /
Е1.5 - Инфраструктура за водоснабдување-резервоар -0.5
Е1.13 - Соларни и фотоволтаични електрани -1.

Зеленило

Во граници на планскиот опфат со УПС Мојанци, како зелена урбана инфраструктура, односно подрачја и градби од живо зеленило, уредени како поединечни намени во системот на класи на намени се:

- јавни зелени површини - паркови, зелени плоштади-скверови, тревнати терени, зелени коридори и слични зелени површини.
- јавни површини со ограничени намени - дворно зеленило.

Се планира во граница на блоковите, со намена домување, да се уреди мин. 5% од површината со јавно зеленило, односно процентот на озеленетост на блокот да изнесува 5%. За парцелираното земјиште се определува планска одредба, во секоја градежна парцела согласно Законот за урбано зеленило („Сл. Весник на РСМ" бр. 11/18 и 42/20), да се обезбеди мин. 20% зеленило. Во планскиот опфат површина под зелена урбана инфраструктура-живо зеленило, парковско зеленилоима изнесува - 83952.37м^2 (8.40 ха) - 2.84% од планскиот опфат. Заштитното зеленило како дел од јавното зеленило, кое се протега покрај водотекот - Мојанска Река и покрај регулираните површински води од долови, порои и сл. го надополнува процентот на озеленетост на планскиот опфат. Во планскиот опфат има и заштитно сообраќајно зеленило на регионалниот пат - Р1104, во блок 4, од опфатот. Вкупната површина на ова заштитно и сообраќајно зеленило изнесува 56540.53м^2 (5.65 ха) -1.91% од планскиот опфат.

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Улична мрежа;
- Водоводна мрежа;
- Канализациона мрежа;
- Електрична мрежа.

Врската со планираната основна улична мрежа на Република Македонија е дефинирана преку регионален пат Р1104Скопје - Арачиново - Куманово, кој на југ ја тангира границата на предметниот плански опфат. Регионален пат-Р1104 поминува низ село Арачиново, а на дел поминува на граница од планскиот опфат на с. Мојанци во должина од 518м. Со УПС Арачиново на регионалниот пат, категоризиран како магистрална улица низ населено место -село, што се задржува и во предметниот УПС.

Во планскиот опфат на с.Мојанци, каде на дел опфатот го тангира регионалниот пат - Р1104, сообраќајниот профил на магистрална улица низ населено место - село (Р1104) е планиран 14.50м, превземен од Урбнаистичкиот план за село Арачиново одобрен со Одлука бр. 07-85/1 од 05.04.2016год.

Согласно Законот за јавни патишта („Сл. Весник на РМ" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21), планиран е заштитен појас на регионалниот пат Р1104-со ширина од 20м.

Со УПС за с. Мојанци, КО Мојанци, општна Арачиново, според демографската анализа за период до 2031 година, бројот нажители се планира да достигне до 3300 жители. Од анализата на постојната состојба предметниот опфат се снабдува со вода од бунари кои се наоѓат во општина Илинден на м.в. Белви. Водата од бунари со усисни и притисни електрични пумпи се носи до резервоар (постоен), кој е изграден на дел од КП. бр. 647, во БЛОК 15, на површина-2870.54м^2, од кој резервоар со слободен пад, преку водоводната мрежа се снабдуваат блоковите од планскиот опфат, кои се во долната (пониска) зона на селото. Се задржува примарната водоводна мрежа (ф315мм, Ф250, ф140мм) која од постојниот резервоар во БЛОК 15, водата ја дистрибуира низ село Мојанци, а истовремено снабдува и делови од село Арачиново. За блоковите кои се во горната зона на планскиот опфат, на повисока надморска висина, се планира да се изгради нов резервоар до кој со потисни пумпи ќе се носи вода, од каде по природна гравитација ќе се снабдуваат повисоките блокови. Според податоците добиени од Општина Арачиново има изработено: Основен проект - Систем за водозафаќање Мојанци на атар од с. Мојанци. Со овај проект е планирано да се изградат 3 (три) експлоатациони пробни бунари со пумпни станици, во горна зона на планскиот опфат, кои водата ќе ја носат до приклучна шахта, односно до резервоар.

Според информациите од Општина Арачиново, во горна зона на селото, вода од бунари не може да се добие и токму затоа се планира вода да се носи со пумпи од постојните бунари кои се изградени надвор од опфат (општина Илинден), од кои се врши моменталното снабување на селото. Водата ќе се пумпа до резрвоарот на кота 437 мнв, (во БЛОК 15), за да од таа кота по потреба се пумпа до резервоарот на кота 650 мнв - планиран во БЛОК 19, на површина од 3847.55м^2. Преку разводна мрежа ќе се снабдува населението со вода, а согласно технички нормативи и прописи ќе се пресметаат профилите на цевките од разводната мрежа.

Од Основен проект - Систем за водозафаќање Мојанци на атар од с. Мојанци, се задржани основни параметри, местоположбата на резервоарот и профилите на главната разводна мрежа.

За решавање на потребите за вода за пиење, за санитарни потреби и вода за противпожарна заштита, потребно да се изгради водоводна мрежа со профили на цевките кои одговараат на противпожарните стандарди како и во согласност со пропишаните нормативи. Разводната водоводна мрежа се планира со водоводни цевки со најмал диаметар Ф110 мм, со што се задоволуваат барањата за противпожарна заштита и ќе се овозможи поквалитетно водоснабдување.

Потребна количина на вода до корисниците ќе се дистрибуира преку проширувањето на дистрибутивна водоводна мрежа која може да се изведе со ПВЦ цевки со профил од мин.ф110мм на разводната мрежа. Се планира водоводните линии со помал профил од 110мм во следен период да се заменат. Приклучувањето на водоводните линии, за секоја градба, односно за секоја градежна парцела ќе биде контролирано до приклучок на водомер, од страна на службите на општинското Јавно комунално претпијатие Водовод-Арачиново, кое стопанисува со водоводната мрежа во населеното место и истото е должно да обезбеди улична хидрантска мрежа во сите делови на населеното место, соодветно да ја обележи, редовно да ја одржува во исправна состојба и редовно да врши контрола на проточниот капацитет и притисок на вода во хидрантската мрежа. Министерството за животна средина и просторно планирање, во согласност со директорот на Дирекцијата зазаштита и спасување, ќе ги пропишат техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасењена пожари. Местоположбата на водоводните цевки е определена по сообраќајниците и делумно (по потреба) по зелените површини, со длабочина мин. 120см. За трајно решение на проблемите со водоснабдувањето треба да се изработи планска документација - Урбанистички проект за инфраструктура.

Во дел од планскиот опфат на село Мојанци има изградено фекална канализација, која е дел од системот на фекална канализација планиран за село Арачиново. Самата близина на село Мојанци, конфигурација на теренот, се услов за изградба и поврзување во заедничка канализациона мрежа со с. Арачиново. Од општина Арачиново добиен е: Основен проект - Фекална канализацијаза село Арачиново-примарна мрежа, израработен од ТУРБОИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ -Скопје. Во овој проект е планирана. примарна фекална канализациона мрежа за с. Арачиново и с. Мојанци. Од овај проект се превземени примарните линии на кои се поврзани канализационите линии од горната зона на селото. Со овај проект се планира отпадните канаизациони води да се собираат во пречистителна станица, која е планирана надвор од село Мојанци, односно надвор од планскиот опфат на с. Арачиново, определена со УПС Арачиново, на југ од опфатот во близина на живинарска фарма Белинбегово. Пречистените води од пречистителната станица ќе се испуштаат во природен реципиент-Брњачка Река, која поминува во непосредна близина. Пречистените води од станицата пред испуштање во природен реципиент задолжително ќе се испитаат со цел да се

усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода, со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, согласно Уредбата за класификација на површинските води („Сл. Весник на РМ" бр. 99/16, 246/18, 276/19 и 256/21).

Фекалните отпадни води се оние кои преку водоснабдување се користат за санитарни потреби и така употребени се испуштаат во канализациониот систем.

Со Урбанистички проект за инфраструктура, ќе се направи пресметка на профилите на цевките. Прелиминирно определени се профили за фекална канализација од мин.ф250мм до ф500мм главен колектор. Местоположбата на канализационите цевки е предвидена да биде по осовините на улиците, со длабочина која ќе овозможи нормално опслужување на корисниците, а и влевање во колекторите. За трајно решение на проблемите со одводнувањето на фекални отпадни води треба да се изработат инфраструктурни проекти за канализационата мрежа (Урбанистички проект за инфраструктура), со кои ќе се изработат и предложат технички решенија со сите основни параметри, големини и карактеристики.

Со предметниот Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, се планира изведување на атмосферска мрежа, со која ќе се овозможи целокупната територија од планскиот опфат да се опфати со атмосферска канализациона мрежа. Водното количество со кое ќе се димензионира секој канал ќе зависи од припадната површина и коефициентот на ретардација во колку времето на истекување е поголемо одвремето од усвоениот меродавен дожд.

Врз основа на пресметаното количество на отпадна вода ќе се определат профилите на цевките со изработка на проект за инфраструктура. Прелиминарно се определени профили на цевки за атмосферска канализација од мин. ф300мм до ф550мм. Атмосферските води ќе се испуштаат во природен реципиент (река и дол).

Во планскиот опфат на УПС Мојанци тече Мојанска Река, како природен водотек, на источната граница на планскиот опфат и на мал дел на север од опфатот. Реката со своето корито на делови припаѓа на КО Арачиново, односно во планскиот опфат определен со УПС Арачиново. Со УПС Арачиново регулирано е коритото на Мојанска Река со профил - ширина 12.00м (корито 6.0м. со длабочина 3.50м и заштитен појас од двете страни по 3.0м). Овој профил на коритото на Мојанска Река се задржува и во граница на планскиот опфат на с.Мојанци. Мојанска Река низ планскиот опфат на с. Мојанци, тече на север-259м и на граница на планскиот опфат - на исток-1122м. Во овај дел е задржана регулацијата што е планирана со УПС Арачиново, корито 6.0м и заштитен појас од 2х3.0м. На делови од регулацијата на реката каде има стрмни делови, заштитниот пјас е земен како заштитно зеленило со различна ширина. Во граница на планскиот опфат какао резултат на стрмниот терен се јавуваат повеќе долови, порои, кои повеќе ги има во северниот и централниот дел од опфатот. Со планската документација се врши регулација на доловите, се планира корито со профил

од 6.00м. Се планира заштитен појас на коритото од двете страни со мин. 3.00м согласно Одлука бр. 07-370/2 од 11.06.2024год. за определување на крајбрежен појас на водотеци во н.м. Мојанци, опфатени со урбанистичкиот план за КО Мојанци, донесена од Советот на општина Арачиново. Овие регулирани води кои се собираат се носат во природен реципиент- Мојанска Река, на исток од опфатот.

Од АД Водостопанство на РСМ - Скопје, добиени се информаци со бр. 11-2504/4 од 01.11.2021 според кои во предметниот плански опфат немаат нивни објекти и инфраструктура, односно немаат канали за наводнување и др. инфраструктурни објекти кои се во нивна надлежност.

Електрична енергија треба да се обезбеди до сите потрошувачи, односно објекти кои ќе се изградат на површините опфатени со ова УПС. Со планот планирани се површини со различни намени за кои што е потребно квалитетно, сигурно и непрекинато енергетско снабдување со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Во селото Мојанци и во непосредна близина на планскиот опфат, според добиените податоци од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, има 6 среднонапонски дистрибутивни трафостаници 10/0,4кВ (ТС Мојанци нова, ТС Каменолом, ТС Арачиново 1, ТС Арачиново 4, ТС Арачиново 5, ТС Арачиново 12 и трафостаници кои се во непосредна близина на овој опфат, а се во соседниот опфат на с. Арачиново). Се планира дислокација на две трафостаници: ТС Арачиново 5 - која е на планирана сообраќајница (врска со магистрален пат) и ТС Арачиново 12 која е во блок со намена А1- домување.

Сите трафостаници ќе останат во функција и се дел од планското решение.

За задоволување на новите потреби од електрична енергија, за проширениот плански опфат, зголемен број на жители и домаќинства, за планскиот период од десет години, се планираат нови 19 дистрибутивни трафостаници со УПС Мојанци. Блоковите 12 и 19 се за инсталирање на соларни и фотоволтаични централи за производство на електрична енергија од обновливи извори. Снагите на ТС и нивните микро локации ќе бидат одредени со разработка на планот, со планско-проектна документација согласно важечките законски прописи.

Трафостаниците ќе бидат приклучени на среднонапонската 10(20)кВ мрежа со електрокабли од постојната дистрибутивна мрежа. Приклучната точка ќе биде дефинирана со Решение за согласност за приклучување на електро-дистрибутивна мрежа на овластен дистрибутер на електрична енергија во државата. Во понатамошна разработка на блоковите од урбанистичкиот план, потребно е да се определат градежни парцели со мин. 24м^2 каде ќе бидат поставени трафостаниците, со минимално 2м растојание-зажтитен појас до соседните парцели, согласно член 138 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Сл. Весник на РМ” бр. 191/19).

Нисконапонската дистрибутивна мрежа ќе се разработува со изработка на урбанистички проект, при разработка на УПС Мојанци, а за приклучок на секоја од градежните парцели до градежната линија и тротоар

да се предвиди слободна површина од 1м^2 каде ќе може да се постави приклучен/разводен ормар.

Низ дел од планскиот опфат на селото минува среднонапонски далновод 10(20)кВ, во правец с. Орланци и с. Арачиново, за снабдување на периферните трафостаници од кои некои се, а некои не се дел од планскиот опфат како и останатите надземни 10(20)кВ водови што минуваат низ планскиот опфа. За овие среднонапонски водови планиран е заштитен појас од 2х10м, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Сл. Весник на РМ" бр. 191/19).

Од влезот и излезот на среднонапонскиот воздушен 10(20) КВ и поврзување на останатите трафостаници, кои се во делот на планскиот опфат извршено е 10(20)кВ кабелско поврзување и предвиден е заштитен појас од 2х1м се планира каблирање, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Сл. Весник на РМ" бр. 191/19).

Во планскиот опфат на УПС Мојанци, се планира поголема површина за соларни и фотоволтаични електрани, во блок 12 и блок 19 од опфатот, на површина од 280965.66м^2 (28.10 ха). Согласно апроксимативна пресметка, според која од 1.20ха. може да се добие 1MW електрична енергија, добиваме дека во планскиот опфат на УПС Мојанци, може да се произведат прелиминарно - 23MW. Согласно условите оваа електрична енергија ќе се предаде во дистрибутивната мрежа на ЕВН, под услви што ќе се определат во следна фаза.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот;
- Озеленување на дворните површини;
- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Соодветен третман на отпадните води;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Доследно спроведување на планот.

Во поглед на озеленувањето да се планираат соодветни профили на дрвореди покрај сообраќајниците и објектите за да го спречат негативното влијание на квалитетот на животната средина. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Диспозицијата на високите дрвја да биде усогласена со трасите на подземните инсталации, додека изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите во работната и животната средина, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување. Согласно Законот за урбано зеленило, процентуалната застапеност на зелената површина да се дефинира со Правилникот за стандард ии нормативи

за урбанистичко планирање зависно од локацијата, намената и големината на градежната парцела.

За да се заштита на површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно спроведување на принципот на заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем;
- Изградба на пречистителна станица и испуштање на отпадните води во најблискиот реципиент од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води.

Кога станува збор за мониторинг за животната средина се дава можност за испитување, оценување и системско набљудување на загадувањето и состојбата на медиумите во животната средина како и идентификација и регистрација на изворите на загадување. Планот на мониторингот претставува алка помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции во кој ќе го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат одлуки.

Најголем бенефит во спроведувањето на стратегиската оцена на животната средина е во вклучување на аспектите од полето на социјалата, економијата и животната средина, меѓусебната соработка, развој на регионалните цели и целите за одржлив развој и заштита на животната средина и луѓето.

11. Прилози

Листа на национална законска регулатива

1. Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 89/22 и 171/22);
2. Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 74/05);
3. Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапката за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
4. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
5. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 144/07);
6. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 147/08);
7. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18 и 32/20);
8. Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11 и 100/12-пречистен текст, 10/15 и 146/15);
9. Правилник за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04);
10. Закон за водите („Сл. Весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21);
11. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
12. Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99 и 71/99);
13. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
14. Закон за отпад („Сл. Весник на РМ” бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16, 63/16 и 31/20) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 31/20 и 216/21);
15. Листа на отпади („Сл. Весник на РМ” бр. 100/05);
16. Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21);

17. Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Сл. Весник на РМ" бр. 64/93);
18. Закон за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19);
19. Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18);
20. Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. Весник на РМ" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и 27/18).

Листа на релевантни ЕУ директиви

Директиви на ЕУ ипфатени во Национална стратегија за апроксимација во животната средина (2008). Релевантни се и нивните измени и дополнувања:

1. Рамковна директива за отпад (2006/12/ЕС)
2. Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/ЕС), дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
3. Рамковна Директива за вода (2006/60/ЕС) дополнета со Одлуката 2455/2001/ЕС
4. Директива за вода за пиење (98/83/ЕС) дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
5. Директива за испуштање на опасни супстанции во водите (76/464/ЕЕС) дополнета со Директивата (91/692/ЕЕС и 2000/60/ЕС) е биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/ЕС) од 22.12.2007, освен член 6, кој беше отповикан на 22.12.2000.
6. Директива за Стратешка оцена на животна средина (2001/42/ЕС)
7. Директива за пристап на информации за животната средина (2003/4/ЕС)

Додаток

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Општина Арачиново, на ден 14.10.2024 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Арачиново, www.haracina.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Урбанистичкиот план за село Мојанци како основна цел ги предвидува насоките за идниот просторен развој со создавање на услови за планирани организирани простори и одредување на наменски зони со компатибилни класи на намени на основната класа на намена, дефинирани оптимални решенија и водови на системот за организирање на основните функции, и тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничувања како и создадениот материјален фонд, преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни решенија. Урбанистичкиот план за село Мојанци претставува планскиот опфат кој зафаќа површина од П=296.00 ха.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 09-90
Датум: 14.10.2024
Место: Општина Арачиново

Име и презиме
Градоначалник
Ридван Ибраими

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. УП1-15-1943/2024

Дата/Data: 16-12-2024

Врз основа на член 65 став (13) и став (17) од Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Министерство за животна средина и просторно планирње донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

За планскиот документ Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци – Општина Арачиново, потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.

Образложение

Општина Арачиново достави Одлука за неспорведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина под бр. 09-90 од 14.10.2024 год. за изработка на плански документ Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци – Општина Арачиново, и Формулар бр. 09-90 од 14.10.2024 год., до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Со оглед на тоа што планскиот документ е Урбанистички план и што површината на опфатот е значителна голема, согласно член 65 став (1) и (2) од Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) и согласно член 1 од Уредба за стратегиите, плановите и програмите,

Bazuar në nenin 65 paragrafi (13) dhe paragrafin (17) të Ligjit për mjedisin jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gazeta zyrtare e RMV-së" nr. 89/22 dhe 171/22), Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimi Hapësinor miratoi:

AKTV E N D I M
për realizimin e vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor

Për dokumentin planifikues Plani Urbanistik për fshatin Mojancë, KK Mojancë – Komuna e Haraçinës, është e nevojshme të realizohet vlerësim strategjik i ndikimit në mjedisin jetësor.

Arsyetim

Komuna e Haraçinës ka dorëzuar Vendim për mosrealizimin e vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor nr. 09-90 data 14.10.2024, lidhur me përgatitjen e dokumentit planifikues Plani Urbanistik për fshatin Mojancë, KK Mojancë – Komuna e Haraçinës, dhe Formularin nr. 09-90 data 14.10.2024, në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor.

Duke pasur parasysh se dokumenti planor është Plan Urbanistik dhe sipërfaqja e përfshirë është mjaft e madhe, sipas nenit 65, paragrafi (1) dhe (2) të Ligjit për mjedisin jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22) dhe sipas nenit 1 të Dekretit për

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето ("Сл.весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11), за изработка на плански документ Урбанистички план за село Мојанци, КО Мојанци – Општина Арачиново, Министерството за животна средина и просторно планирање, Ве задолжува да спроведете Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина и здравјето на лугето.

strategjitë, planet dhe programet, duke përfshirë ndryshimet në këto strategji, plane dhe programe, për të cilat duhet të realizohet një procedurë vlerësimi të ndikimit në mjedisin jetësor dhe në shëndetin e njerëzve ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 153/07 dhe 45/11) për përgatitjen e dokumentit planifikues Plani Urbanistik për fshatin Mojancë, KK Mojancë – Komuna e Haraçinës, Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor ju detyron të realizoni vlerësimin strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor dhe shëndetin e njerëzve.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение засегнатата јавност, како и органот што го подготвува документот имаат право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

KËSHILLË JURIDIKE: Kundër këtë Aktvendimi, publiku i prekur, si dhe organi që përgatiti dokumentin, kanë të drejtë ankese pranë Komisionin Shtetëror për vendimmarrje në procedimin administrativ dhe në procedurën e punësimit të shkallës së dytë.

Со почит,

Me respekt,

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Зарије Абази/Zarije Abazi, помлад соработник/bashkëpunëtore e re

Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска, помошник раководител на сектор/ndihmëse udhëheqëse i sektorit

Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор/udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi:Resmi Ejupi/Ресми Ејупи, Државен секретат/Sekretar shtetëror

Согласен / Me pëlqim të: Недим Рама/Nedim Rama, посебен советник на Кабинет на министер/këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit

Хусамед Агушовски/Husamed Agushovski, посебен советник на Кабинет на министер/këshilltar i posaçëm i kabinetit të ministrit

Користена литература

- Просторниот план на РМ, 2004;
- Планска документација за УП за село Мојанци, КО Мојанци, општина Арачиново;
- Услови за планирање на просторот;
- Директива за стратегиска оцена на животна средина (2001/42/ЕС);
- Домашни и меѓународни документи, планови, програми и стратегии;
- Достапни искуства и практики.